СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 јуни 1992 година

Скопје, јуни 1992 година

**ДИСКУТАНТИ**

**ОД 42-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,**

**ОДРЖАНА НА 18 јуни 1992 ГОДИНА**

Дневниот ред е на стр. 22.

1. АНДОВ СТОЈАН - 5, 12, 30, 59, 107.
2. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 10, 11, 46, 47, 48, 49.
3. АНДОНОВ ТИМЕ - 26
4. АПОСТОЛОВСКИ НИКОЛА - 41, 42, 44,
5. АРСОВСКИ БРАНКО - 45
6. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 95
7. БАЈАЛЏИЕВ ДИМИТАР - 8, 9, 62, 64
8. БЕЌИР ЖУТА - 54, 67
9. ГОШЕВ ПЕТАР - 55
10. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 51
11. ДИМОВСКА ДОСТА -50, 52
12. ДИМИТРОВА РАТКА – 35, 36
13. ЃОРЌЕВСКИ БОРИС - 44, 45
14. ЈОВАНОВСКИ РИСТО - 102
15. ЈУМЕРОВСКА ЃУЛИСТАНА - 88
16. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 60, 61, 83
17. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 104
18. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 76
19. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 57, 58, 59
20. ПАУНОВ ТОДОСИЕ - 53, 72, 75
21. ПЕТРОВ ТОДОР - 27, 105
22. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 33
23. ПОЛОЖАНИ МЕРСИМ - 36, 37
24. ПРЕВАЛА ШАБАН - 91
25. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ -102
26. СУЛЕЈМАНИ ОЛОМАН - 38, 39
27. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 28, 32, 86
28. СИМЈАНОВСКИ НАУМ – 15, 97
29. САБРИУ ИЛИЈАЗ - 9, 18, 58, 59
30. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 4, 6, 11
31. СТАМЕНОВ РИСТО - 54
32. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА - 103
33. ТОШЕВСКИ МЕТОДИЈА -14, 16
34. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 43
35. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ - 7
36. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 60
37. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 78
38. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 39, 40, 42, 43

продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија одржана на 18 јуни 1992 година

Седницата се одржа во сала I, со почеток во 10,20 часот,

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Флоре Масалковски и Газменд Ајдерага ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

Записниците од Триесет и осмата, Триесет и деветтата и Четириесеттата седница на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците (нема)

Констатирам дека записниците од 38-та, 39-та и 40-та седница се усвоени без забелешки.

За седницата поканети се:

Претседателот на Република Македонија господин Киро Глигоров, претседателот и потпретседателите на Владата на Република Македонија, и претставникот на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта.

Предлагам делот на пратеничките прашања да го поминеме по исцрпувањето на точките од дневниот ред.

Дали се согласувате со овој предлог? (да)

Се согласувате.

Ве известувам дека до Собранието беа доставени предлози за дополнување на дневниот ред за 41-та седница на Собранието.

Со оглед дека 42-та седница ја одржуваме пред 41-та седница предлагам Собранието да се произнесе по овие предлози на 42-та седница.

Пратеничката група на ПДП достави предлог за дополнување на дневниот ред со следната точка: "Состојби во средното, вишото и високото образование на албански наставен јазик во Република Македонија".

Ве известувам дека Комисијата за образование, наука и култура го разгледа овој предлог заедно со мислењето на Владата и му предлага на Собранието да не се дополнува дневниот ред на оваа седница бидејќи нема материјал за расправа. Истовремено Комисијата му предлага на Собранието да ја задолжи Владата да изготви и на Собранието да му достави информација за состојбите во оваа област, за една од наредните седници.

Кој е за предлогот на комисијата молам да крене рака (пратениците креваат рака)

Благодарам.

Дали има некој против? (5)

Дали некој се воздржува од гласањето? (5)

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Пратеникот Стоиле Стојков достави предлог за дополнување на дневниот ред со 3 нови точки" Предлог за донесуваше на закон за престанок на важноста на законот за воведуваше обврска за плаќање при

патување во странство, со Предлог на закон", "Информација од Владата на Република Македонија за преземените мерки за заштита на студентскиот стандард" и"Информација од Владата на Република Македонија за преземените мерки за заштита на животниот стандард на социјално загрозеното население и обезбедување заштита на правата на работниците за чија работа престанува потребата заради структурно прилагодување на стопанството".

Предлогот за донесување на закон за престанок на важноста на законот за воведување обврска за плаќање при патување во странство, со предлог на закон е уврстен во предлогот на дневниот ред на Четириесет и втората седница на Собранието.

Во врска со предлогот за дополнување на дневниот ред со"Информација на превземените мерки за заштита на животниот стандард на социјално загрозеното население и обезбедување на правата на работниците за чија работа престанува потребата заради структурно прилагодување на стопанството", ве известувам дека комисијата за труд и социјална политика го разгледа предлогот заедно со мислењето на Владата и му предлага на Собранието да не се дополнува дневниот ред за денешната седница со оваа точка, со оглед на тоа што нема материјал за расправа, а и заради кусиот рок од примената на програмата за заштита на социјално загрозеното население во 1992 година.

Истовремено комисијата му предлага на Собранието да ја задолжи Владата на Република Македонија да достави информација за превземените мерки за реализација на програмата за заштита за социјално за!грозеното население за 1992 година.

Има збор господин Стоиле Стојков.,

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, изгледа има недоразбирање, јас барав информација од Владата за преземените мерки за заштита на животниот стандард итн. а не барав за резултатите од тие мерки. Ова го кажувам од проста причина затоа што слушајќи на радио и гледајќи на телевизија сум на мнение дека повеќето од граѓаните на Република Македонија не си ги знаат своите права по основ на социјална заштита и затоа мислам ако господинот министер како ресорен министер е под- готвен да ни даде информација за преземените мерки, а знаеме дека Владата донесе такви мерки, да не ги набројувам, се повикувам само на тоа да ми се даде информација усно како мене така и на пратениците бидејќи верувам дека голем дел и од пратениците овие мерки не им се познати и не можат пред своите гласачи ако некој ги праша да им објаснат како и на кој начин да си ги остваруваат своите права. Јас тука само ќе напоменам дека према некои сознанија Владата предвидува дека по овој основ негде околу 40.000 семејства во Република Македонија ќе можат да добијат социјална заштита, меѓутоа сега за сега таква социјална заштита имаат побарано само 5.000 семејства. Што значи според мене владее една неинформираност меѓу граѓаните за заштита на своите права од оваа област.

Затоа јас не барам да се расправа на седницата туку едноставно ресорниот министер да поднесе една информација за превземените мерки, а не за резултатите од тие мерки. Јас тоа исто се обидов да го објаснам на Комисијата за труд и социјална политика, но очигледно и таму не бев разбран.

Исто така барам информација за превземените мерки за заштита на студентскиот стандард согласно барањето на ВМРО-ДПМНЕ од 13 март оваа година и заклучокот на Собранието на Република Македонија од 13

март оваа година со која се задолжува Владата да изготви мерки за заштита на студентскиот стандард и барањето на комисиите за образование наука и култура и Комисијата за труд и социјална политика т.е. на парламентарната група формирана од овие комисии ако уредно ги има доставено на Собранието своите согледуван>а од посета на студентите итн. поднесени на 26.V.1992 година барам согласно член 53 став 2 каде што се вели дека во рок од 8 дена ако се бара известување од некој функционер од Владата итн., или од член на Влада, должен е за 8 дена да го извести пратеникот, јас бара усно да бидам известен, што е преземено и по оваа проблематика, мерки за заштита на студентскиот стандард, иако сме свесни дека училишната година заврши, меѓутоа уште еднаш ќе напомнам дека барањето е од 13 март, поминаа некаде 3 месеци, а присутен е и господинот министер па ако може како две нови точки на дневен ред господата министри да ни дадат една куса информација за преземените мерки а не за резултатите.

Министерот за образование господинот Бајалџиев да ни објасни дали како ресорно министерство, мислам дека се ресорно министерство за заштита на студентскиот стандард во соработка со министерството за труд и социјална политика дали презедоа нешто за заштита на студентскиот стандард.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да прочитам што Комисијата заклучила и што предлага.

Комисијата му предлага на Собранието да ја задолжи Владата на Република Македонија да достави информација за преземените мерки за реализација на програмата за заштита на социјално загрозеното население во 1992 година.

Ние не знаеме дали ќе има или ќе нема расправа, а ако добиеме една информација тогаш ќе се знае дали ќе има или ќе нема расправа.

Кој е за предлогот на комисијата молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (8) Дали некој се воздржува од гласање? (6) Констатирам дека предлогот на Комисијата за труд и социјална политика е усвоен.

Во врска со предлогот за дополнување на дневниот ред„...

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Барам збор за толкуваше на Деловникот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не го толкуваме деловникот. Немаме овде таква точка на дневен ред, господине Стојков. Во врска со предлогот за дополнување на дневниот ред со "Информација за преземените мерки за заштита на студентскиот стандард" ве известувам дека Комисијата за образование, наука и култура го разгледа предлогот заедно со мислењето на Владата и му предлага на Собранието да не се дополнува дневниот ред за денешната седница со оваа точка, со оглед на тоа што нема материјал за расправа. Истовремено, Комисијата му предлага на Собранието да ја задолжи Владата да го реализира заклучокот на Собранието од 17 март 1992 година односно да му достави информација за преземените мерки за заштита на студентскиот стандард. Во врска со ова веќе зборуваше господинот Стојков, претседателот на Комисијата бара збор.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Мислењето на Комисијата ви е доставено, меѓутоа се јавив за збор со еден предлог, само да ве потсетам дека паралелно од кога беше прифатена иницијативата да се расправа за состојбите во сферата на студентскиот стандард за преземените мерки ,овој Парламент формираше работна група од двете комисии кои што се надлежни за оваа проблематика и Парламентарната група за кратко време обави разговори со претставници на студентите, ги посети сместувачктие капацитети па дури и некои од објектите кои што се ослободија од бившата ЈНА, а кои што можат да бидат погодни за проширување на сместувачките капацитети, Ресорното министерство преку Владата согласно заклучокот од Собранието од 17 март требаше да излезе со таква информација која што е потребна да ја ставиме на дневен ред точката и да расправаме по проблематиката до крајот на април, тоа значи до 1 мај 1992 година. Откако парламентарната група увиде дека ресорното министерство преку Владата не достави таква информација го заврши својот дел од работата и нашата информација, за нашите согледувања ја имаме поделено на сите пратеници во Собранието. Чекавме да дојде информацијата од ресорниот орган преку Владата и земав збор од следните причини. Таа информација е подготвена, меѓутоа како што знаете информацијата да помине на Комисијата за општествени дејности при Владата на Република Македонија но претседателот на таа комисија, академик Ефремов е болен и таа Комисија не заседава. Ако не се најде решение од страна на Владата да се именува земник или некој друг да ја организира работата на таа Комисија материјалот од министерството нема во догледно време да помине низ комисијата за општествени дејност,

нема да помине низ Владата и ние ќе се доведеме во ситуација да дојдат евентуално годишните одмори и да го немаме потребниот материјал за да ја ставиме точката на дневен ред.

Затоа предлагам еден заклучок да се сугерира на Владата веднаш Комисијата за општествени дејности подготвената информација од Министерството за образование и физичка култура да ја разгледа, да ја достави до Владата, а Владата да ја достави до Собранието да може да ја стави на дневен ред.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Да не испадне дуплирање во оваа информација, кога би знаел дека господинот Ханџиски ќе земе збор, јас можеби претходно немаше да кренам рака. Само ќе одговорам на прашањето зошто доцниме во извесна смисла со оваа Информација. До средината на април месец сеуште не беше разрешено прашањето за сопственоста, бројноста и адаптабилноста на објектите од поранешната југословенска армија што ги преземаше Македонската армија. Постојано бевме во контакт со Армијата на Република Македонија и во таа смисла Владата формираше посебна комисија за ученичкиот и студентскиот стандард со задача да направи конкретен увид на сите потреби и евентуално расположливи објекти,а во таа смисла се обави и разговорот од страна на Министерството, студенстската организација и генерал штабот на Македонската армија. Формиравме и стручна комисија да ги погледне расположливите објекти кои морам да ви речам дека беа многу поскромни и во полоша состојба отколку што ние очекувавме и многу помалку евентуално за можна употреба за објекти на студентски стандард. Ни се понуди да ги погледнеме објектите на касарната Горче Петров која за адаптирање на живеалишен простор за

студентите би чинела многу повеќе отколку да се гради сосема нов објект. Во таа смисла долго време комуницирајќи со Армијата на Република Македонија, а надевајќи се дека со нејзините објекти ќе го покриеме просторот потребен за студентски објекти и на крај доаѓајќи до заклучок дека скоро немаме ниеден објект за да можеме да искористиме за студентски стандард ние останавме во информацијата што веќе е дадена на тоа и годинава во смисла на сместувачки простор на студентите околу 900 студенти да се смести како минатата година во хотелските објекти на градежните организации од една страна, инаку за ваша информација, во информацијата ќе сретнете дека се чинат напори и доста материјални средства се издвојуваат за зачувување на студентскиот стандард.

Зошто толку се задржав на објектите на студентскиот стандард. Имаме обврска да изградиме капацитетен простор за сместување на студентите од над 600 легла. Тоа не сме во состојба да го сториме, а претходната Влада таква обврска зеде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе доставите ли информација.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Информацијата е доставена господине претседателе до Владата . Јас се јавив да објаснам зошто извесно задоцнивме со доставувањето на оваа Информација.

**ИЛИЈАЗ САБРИУ:**

Почитувани пратеници, мислам дека прашањата сврзани со остварување на програмата за социјално загрозеното население за 1992 година заслужува посебно внимание и расправа на овој парламент бидејќи состојбите се такви и на сите нас ни се познати. Од тие причини Владата имаше намера да изготви една комплетна информација за состојбите околу

остварувањето на програмата што е донесена од страна на Владата на Република Македонија и потоа да ги достави до Собранието за информирање, а ако цени за потребно и за расправа. В о тој дух јас сфатив иницијативата на господинот пратеник Стоиле Стојков и бидејќи програмите почнуваат да се остваруваат од 15 мај оваа година многу е кус временскиот период за да направиме една посебна и содржајна информација, ценевме дека за една од наредните седници, а тоа значи по еден месец на крајот на јуни ние да преземе пред Собранието со една таква информација но доколку Собранието цени да се даде денеска што Владата досега превземала мерки и активности околу спроведувањето на програмата јас сум подготвен на крајот на оваа седница да дадам усмено информирање во врска со таа информатика.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Драги пратеници, оваа ситуација околу студентскиот стандард ни е позната. Има предлози и противпредлози. Во културниот свет и во напредните држави студентите си се сместени во студентски градови. Нема оправдување ни од Министерот за образование и нема крај на убедување за стандардот, како тие се сместени и колку се сместени и колку можат да се сместат. Меѓутоа има една вистина. дека многу објекти кој што се напуштени од поранешната ЈНА ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе расправаме за тоа.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Ве молам господине претседателе не ме прекинувајте бидејќи вие самите го отворивте прашањето односно информацијата за студентскиот стандард.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, не е тоа на дневен ред.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Кој е на дневен ред, кога министерот за образование образложува, кога пратеникот образложува, кога даде предлог, сака да дополни, согласно деловникот, не му дадовте право. Кога ќе дојдеме на дневниот ред. Јас ќе ја напуштам говорницата, а го задржувам правото за дискусија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кога ќе биде на дневен ред ќе ви дадам збор, се ќе биде во ред.

Ве молам претставникот на Владата по претходното прашање го менува со ова исказот свој, го менува писменото мислење на Владата што беше упатено до Комисијата. Сега прифаќа да не се чека туку прифаќа да го уврстиме на дневен ред предлогот на господинот Стоиле Стојков на денешната седница, на крајот на денешната седница да биде ставено на дневен ред за да може да се подготви да даде само усмено излагање. Стоиле Стојков бара сега усмено излагаше.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Суштината беше и во тоа дали се подготвени господата министри да дадат усмена информација, известуваше , јас не барав материјал на расправа итн. Господинот Бајалџиев го искажа своето и нема потреба повеќе да биде на дневен ред и тоа е суштината на моето бараше по однос на членот 52 и 53 од Деловникот каде што децидно стои дека пратеникот има право да бара известување од одделни Републички функционери итн. Јас тоа го барав# тоа барање го поднесов на 2 јуни, сега сме 18 значи поминале двапати по 8 дена. Не барав ништо што не е деловнички итн., а барањето за мерките за социјалната заштита на населението е поднесено од пратеничката група на ВМРО уште од 27.1*оваа година и мислам дека во тоа се состои. За преземените мерки за да можат граѓаните, а свесни сме

дека и оваа седница и средствата за јавно информирање се тука на некој начин ќе ги известат граѓаните како можат да ги остварат своите права затоа што се гледа дека повеќето граѓани не знаат како и на кој начин да си ги остварат своите права. Затоа една за- белешка ќе му дадам на претседателот на Собранието, мислам дека повторно недоразбирање настана затоа што чисто деловнички барав само усмено известување или информација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам пратениците за да Собранието успешно работи и тие да се држат до Деловникот. Усмени информирања се можни и секој пратеник може да бара во рамките на пратеничките прашања, кога нешто се става на дневен ред потребна е расправа затоа што ние овде не сме информативно тело туку сме законодавно тело. Расправа од која ќе произлезе донесување евентуално на одреден заклучок, акт или нешто друго. Затоа барањето на усмени информации е во рамките на пратеничките прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Сега, да не комплицираме, да не правиме од ова додатен проблем се согласувам да останеме на задачата што е дадена на Владата да направи информација и да водиме расправа, оти тоа е многу важно прашање, а сепак да уврстиме во дневен ред на крајот на седницата усно овде да не информира. Ве молам таа информација не ја заменува потребата содржана во заклучокот.

Понатаму, повторувам Комисијата за образование, наука и култура му предлага на Собранието да ја задолжи Владата да го реализира заклучокот на Собранието од 17 март 1992 година односно да му достави информација за преземените мерки за заштита на студентскиот стандард. Според тоа, овде беше усно информирање, меѓутоа, не е тоа заклучокот ка Комисијата, туку ова е заклучокот на Комисијата. Сега нема да оди на дневен ред, туку да го реализира заклучокот како што е донесен на 17 март.

Кој е за предлогот на Комисијата молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали е некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (5 пратеници)

Констатирам дека предлогот на Комисијата за образование наука и култура и усвоен.

Пратеникот Никола Апостолоски достави предлог за дополнување на дневниот ред со "Информација за преземените мерки околу Регионалниот водовод "Студенчица" и распределбата на водата по корисници од општините Кичево, Македонски Брод, Крушево и Прилеп".

Предлогот е доставен до Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија го извести Собранието дека со оглед на краткиот рок не е во можност да ја подготви оваа информација и дека ги задолжила надлежните министерства во што пократок рок да ја изготват информацијата.

Со оглед на тоа што до Собранието не е доставен потребен материјал за расправа, не постои можност ова прашање да се стави на дневен ред на денешната седница.

Откако ќе се добие материјалот, Собраниево ќе расправа по него на една од наредните седници.

Пратеникот Наум Симјановски денеска достави предлог за дополнување на дневниот ред со точка - Информација на Владата на Република Македонија за состојбата со девизните штедни влогови со посебен акцент на најновите состојби со штрајкот на девизните штедачи во Стопанска и Југобанка - Битола.

Предлогот е доставен до Владата на Република Македонија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали Владата е подготвена на оваа седница да поднесе усна информација или да ја задолжиме Владата да подготви информација за една од наредната седница.

За збор се јави Методија Тошевски, министер за финансии.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

На дневниот ред на денешната седница во точката 17 стои Предлогот на законот за преземање обврска за обезбедување на денарски средства за исплата по основ на депонираните девизни штедни влогови на граѓаните од Република Македонија. Во рамките на таа точка може да се обави расправата по овие прашања, Владата е подготвена со оглед на тоа што тоа прашање е актуелно и овие денови се бави со одговор на s:белешките односно амандманите по овој закон и Владата е подготвена да даде соодветни информации и известувања во врска со прашањето што е поставено од пратеникот.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитувано претседателдство, почитувани пратеници , Веќе осум дена во Битода во Стопанската банка, а од пред 2 дена и во Југобанка - Филијала Битола се организира штрајк на девизните штедачи со познатите барања кои се доставени и до Владата. Меѓутоа, во овие 8 дена единствена кореспонденција помеѓу штрајкувачкиот одбор и самите штрајкувачи кои ја блокираа банката се одвива преку јавните информативни гласила така што воопшто не постои информираност на истите за одредениот проблем. Затоа, како пратеник од Битола од Реформскtие сили – Либерална партија задолжен сум да го поставам овој проблем пред ова Собрание, Владата да изготви Информација за конкретната состојба.

Имено, покрај проблемите со девизните штедни влогови на граѓаните се јавува и друг проблем со самото блокираше на банката, бидејќи самото битолско стопанство е тотално блокирано и воопшто не се одвива платниот промет во земјата и странство. Тоа е како дополнителен проблем кој го

оптоварува и обременува  целокупниот проблем со штедачите не само во Битола, туку и во целата Република.

Затоа инсистирам под итно да се изготви Информација и да се стави како посебна точка на дневен ред додека 17-та точка е како дополнение и образложение, но таа точка не го решава акутниот проблем со блокадата односно физичката блокада на Банката.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Ние мислевме дека можноста да се расправа во рамките на 17-та точка само ќе го интензивира одговорот на прашањата што се поставуваат. Инаку, ако се инсистира на писмена информација за наредната седница тогаш нема причина тоа да не го прифатиме. Меѓутоа, ценевме дека интензитетот на проблемот е толку присутен и актуелен што би требало да се расправа денеска.

Ако Собраниево заклучи да подготвиме информација ние ќе ја подготвиме, нема спор, меѓутоа, според наша оценка, а за тоа вчера Владата расправаше и даде соодветно соопштение, актуелноста на проблемот не трпи одлагање на расправата по ова прашање. Сепак, по наша оценка решенијата лежат во законот, а не во информацијата. Како ќе заклучи Собранието така ќе постапиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро да се задоволиме сега со овој предлог на претставникот на Владата за ова прашање да се расправа во рамките на точката 17, а тогаш

од расправата ќе произлезе натамошната задача на Владата на Република Македонија, што да направи.

Дали можеме така да се договориме? (Може).

Владата на РМ му предлага на Собранието да го одложи разгледувањето од денешната седница на Предлогот на законот за научно - истражувачка дејност, поради спреченост на министерот з наука да присуствува на седницата.

Дали Собранието го прифаќа предлогот на Владата? (Го прифаќа).

Комисијата за прашања на изборите и именувањата му предлага на Собранието да ја одложи од дневниот ред на денешната седница точката "именување секретар на Собранието на Република Македонија" поради потребата од дополнителни консултации со партиите.

Кој е за предлогот на Комисијата молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија предлага по итна постапка на денешната седница да се донесе закон за дополнување на Законот за исплата на платите и другите надоместоци и дивиденди во Републиката.

Го молам претставникот на Владата на Република Македонија да образложи итноста од донесување на овој закон.

Има збор министерот за труд и социјална политика господинот Илијаз Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Владата на Република Македонија на вчерашната седница му предлага на Собранието да се донесе законот по итна постапка за дополнување на законот за исплата на платите и други надоместоци и дивиденди во Републиката во РМ од следните причини:

Вие се сеќавате дека во пакетот на антиинфлационата програма се донесе и законот за плати односно за ограничување на исплатата на платите заклучно со исплатата за март зголемено за 25 и 35. Во тој закон не е предвидено да се ограничува исплатата на пензиите во РМ со убедување дека со самото замрзнување на платите, бидејќи пензиите ќе се усогласуваат со платите ќе дојде до автоматско ограничување на пензиите во РМ. Меѓутоа, бидејќи во расправата на Собранието на РМ се измени законот за плати, така што ракот наместо 15 април се пролонгира до 25 април сите зголемувања што се извршија во стопанството да се земат како основица на мартовската плата и плус тоа да се зголемат индексите така што дојде до нарушување односно до померување на процентот од 30 на 60% во март и тогаш се зголемени платите во стопанството. Од тие причини пензиите се усогласија во мај со 62% а бидејќи во стопанството за април порастот на платите изнесува 40%, па бидејќи таквото усогласување на пензиите е извршено со 62% сега, доколку не се донесе овој закон пензиите треба да се усогласат уште со еден пораст од 40%. Со тоа ќе се доведе во прашање односно ќе се нарушат сите елементи на Антиинфлационата програма која ја усвои ова Собрание а во голема мера ќе се нарушат односите меѓу платите и пензиите во Република Македонија.

Второ, исто така ваквото усогласување на пензиите за 2 месеци да се зголемат за 60 плус 40 тоа е еднакво на 100%, значи дополнително оптоварување на Фондот за пензиско и инвалидско усогласување за 2 милијарди нови денари месечно. Владата на РМ не е подготвена во овој момент да предложи изменување односно зголемување на стапката за пензиско и инвалидско осигурување и затоа предлага овој закон да се донесе по итна постапка со тоа и пензиите да се замрзнат со исплатената пензија во мај да продолжи и понатаму, а тоа значи усогласено со порастот на стопанството од 62%. Понатаму, да нема усогласување на пензиите со порастот на платите во стопанството.

Од овие причини мислам дека Собранието треба да прифати на денешната седница да се уврсти на дневен ред донесувањето на овој закон по итна постапка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали друг бара збор? (Не)

Кој е за предлогот на Владата молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (6 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеника).

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

Надлежните работни тела на паузата да го разгледаат предлогот на законот и да му поднесат извештај на Собранието.

Комисијата за труд и социјална политика предлага дневниот ред за денешната седница да се дополни со Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака? (58 пратеници гласаа "за").

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеника).

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Ве известувам дека Владата на РМ предлага Собранието на оваа седница да ги стави на дневен ред Предлогот за донесување на закон за престанување на важење на Законот за самоуправните интересни заедници на станувањето, со Предлог на закон и Предлогот аз донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за патишта, со Предлог на закон, што по предлог од Комисијата за градежништво и урбанизам, Комисијата за стопанство и ЗПК беа симнати од дневниот ред од 38-та седница на Собранието.

Комисиите го разгледаа Предлогот на Владата и повторно констатираа дека е нерационално во меѓувреме да се носи закон за престанување на важењето на Законот за самоуправните интересни заедници на станувањето како и да се врши изменување и дополнуваше на постојниот закон за патишта, бидејќи остануваат отворени повеќе прашања кои бараат поопстојна анализа.

Комисиите, исто така повторно оценуваат дека е поцелисходно да што побрзо да се донесат Законот за патишта и Законот за станбени односи кои се предвидени во Програмата за работа на Собранието на РМ за 1992 година, а во кои ќе бидат регулирани прашањата кои се предмет на предложените закони.

Кое за предлогот на комисиите молам да крене рака?

(Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (2) .

Дали некој се воздржува од гласање? (5)

Констатирам дека предлогот на комисиите е усвоен.

Ве известувам дека Комисијата за економска политика и развој и Комисијата за финансирање и буџет ја завршија распра- вата по Предлогот за донесување на закон за преземање на обврска за обезбедување на денарски средства за исплати по основ на депонираните девизни влогови на граѓаните од страна на Република Македонија, со Предлог на закон и му предлагаат на Собранието расправата по овој закон да се води во две фази, при што за Предлогот за донесување на овој закон Собранието да расправа на денешната седница.

Кој е за предлогот на комисиите, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Предлогот на комисиите е усвоен.

Во врска со предлогот на Извршниот одбор на Титовиот фонд на Македонија за преименување на Фондот во солидарен фонд за стипендирање во Република Македонија "Гоце Делчев", Комисијата за образование, наука и култура му предлага на Собранието да ја задолжи Владата да предложи конкретни решенија за трансформација на системот на стипендирање на ученици и студенти во рамки на законската регулатива во оваа област.

Кој е за Предлогот на Комисијата молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеника).

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Ве известувам дека Комисијата за образование, наука и култура ги разгледа и поддржа предлозите на заклучоците на Претседателството на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ на Македонија Музејот на Македонија и Друштвото на музејските работници на Македонија за состојбите и проблемите во функционирањето и посебното финансирање на музеите кои ги третираат настаните и личностите од НОВ на Македонија, заедно со Мислењето на Владата на РМ и при тоа констатира дека овие барања се оправдани и треба да се имаат предвид при изготвувањето на новиот закон за музеј- ската дејност.

Исто така Комисијата му предлага на Собранието да ја задолжи Владата за една од наредните седници да изготви и на Собранието да му достави информација за статутот на Меморијалниот музеј на I-то Заседание на АСНОМ во Манастирот "Прохор Пчински" по осамостојувањето на РМ и формирање на Сојузна Република Македонија.

Кој е за предлогот на Комисијата молам да крене рака? {Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеници) .

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен. Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Предлог на закон за дополнување на Законот за исплата на платите и други надоместоци и дивиденди во Републиката;

2. Предлог за донесување закон за празниците на  Република Македонија;

3. Предлог за донесување на закон за Јавното правобранителство;

4. Предлог за донесување на закон за народниот правобранител;

5. Предлог за донесување на закон за помилување;

6. Предлог за донесување на закон за јавните служби;

7. Предлог за донесување на закон за преземање на обврска за обезбедување на денарски средства за исплати по основ на депонираните девизни влогови на граѓани од страна на Република Македонија;

8  Нацрт на Деловникот на Собранието на Република Македонија;

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за процесната постапка, со предлог на закон;

10. Предлог аз донесување на закон за изменување на законот за извршната постапка, со предлог на закон?

11. Предлог за донесување на закон за изменуваше на законот за управните спорови, со предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за воспоставување на дипломатски односи меѓу двете држави, со предлог на закон;

13. Предлог аз донесување на закон за престанување на важењето на законот за мерките што можат да се преземат заради спречување и отстранување на нарушувањата на тековите на општествената репродукција на Република Македонија, со предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за престанок на важноста на Законот за воведување обврска за плаќање при патување во странство, со предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за престанување на важноста на законот за боречки додаток на учесниците на Народноослободителното движење од Егејскиот дел на Македонија, со предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за престанување на важноста на Законот за посебен додаток на пензија на определени корисници на пензија, со предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за национализација на целокупниот движен и недвижен имот на општествено - политичките и други организации што се укинати или чија што функција престана со амандманите 57 до 80 на Уставот на Република Македонија од 1974 година, со предлог на закон;

18. Предлог на закон за изнајмување на Законот за кривичната постапка;

19. Предлог на закон за изменување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување;

20. Извештај за работаа на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта за 19 91 година, со

- Предлог на одлука за одобрување на Завршната сметка за 1991 година;

- Предлог на одлука за давање согласност на финансискиот план за 1992 година;

21. Именување заменик на секретарот на Собранието на Република Македонија;

22. Именување републички советник во Собранието на Република Македонија;

23. Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Постојната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓаните;

24. Предлог на одлука за разрешување судија на Општинскиот суд Скопје I - Скопје;

25. Предлог на одлука за разрешување судија на Општинскиот суд - Штип;

26. Предлог на одлука за избор на членови на Советот на Народната банка на Македонија;

27. Предлог на одлуки за разрешување и именување претставници на Републиката во органите на управување;

28. Предлог на одлуки за именување членови на комисии за именување на индивидуални работоводни органи;

29. Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на ОЗТ Национален парк "Пелистер" - Битола.

30. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Фондот за пензиското и инвалидското осигурува&е на Македонија;

31. Предлог за донесување Резолуција за признавањето на "републиките на бившиот СССР како суверени, самостојни и независни држави и меѓународно - правни субјекти со предлог на Резолуција;

32. Усна информација за преземените мерки за заштита на стандардот;

Молам, дали некој по дневниот ред бара збор?

**ТИМЕ АНДОНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, сакам да ве потсетам дека ова Собрание формира комисија пред 3 месеци и тоа беше многу хитно , требаше да се расправа веднаш. Јас пред две седници барав на дневен ред да се стави оваа точка и извештајот од Комисијата ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Која комисија?

**ТИМЕ АНДОНОВ**

Комисијата што беше формирана за случајот во Радовиш. Мислам дека не треба сега да се расправа. Дали да се стави или не, туку да се уврсти во дневниот ред, со гласаше на пратеници, а знам дека никој нема да биде против. Сакам да кажам дека досега пратениците се еднострано информирани. Не е даваат другите документи што треба да произлезат од министерствата. Само се дава од дотичната организација

Исто така, во Информацијата беа нападнати одредени луѓе во министерствата, а тие луѓе имаат изготвено информации и дадени до Владата, а Владата сеуште не ги дава со единствена цел да заштити некои бирократизирани елементи. Затоа сакам да се достават сите документи до пратениците, да се создаде една реална слика за овој случај и да расправаме.

За оваа точка ако не дојде до расправа на оваа седница, треба да се стави обавезно, тогаш мора да биде на наредната седница

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние немаме материјал сега, не можеме да го уврстиме на дневен ред тоа. Имаме неколку пати заклучувано да добиеме материјал. Молам, господинот Петров, раководителот на оваа Комисија да објасни, затоа што нема информации.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Како претседавач на ова работно тело сметам дека не се исполнети условите предметот да биде ставен на дневен ред. Не е од итен карактер бидејќи не се нарушени односите во стопанството и тоа не го бараат интересите на одбраната, безбедноста и поголеми елементарни непогоди или други неодложни потреби.

Сметам дека итноста не постои и по член 344 да биде ставено на дневен ред, но од дополнителниот собир кој што беше одржан повторно во Радовиш имавме повторно обраќање од насобраните земјоделски производители, зашто Комисијата се обрати до Министерството за труд и социјална политика за да ги добие дополнителните барани материјали за кои што зборуваше претходниот пратеник и за кои што ние пред неколку дена од Министерството добивме одговор, како и од Републичката трудова инспекција во врска со именувањето на директорот на Акционерското друштво "ЈАКА" од Радовиш.

Во меѓувреме добивме задача и за случајот во Дебар , па се договоривме сите извештаи од четирите случаи кои што беа во надлежност на оваа работна група да бидат подготвени во извештаи и заедно доставено до Собранието на РМ.

Во вторник, на 22 имаме седница на која што ќе бидат ставени на дневен ред сите четири извештаи, за што Собранието ќе ги добие сите материјали.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве чувме сега овде итноста не треба да се утврди по членот 44, туку врз основа на претходно донесени заклучоци на ова Собрание, Собранието за тоа се изјаснило и досега требаше неколку пати да се расправа. Инаку постојано имаме некои собир, може и во Радовиш и на некое друго место, но треба да се направи пресек, да се даде тој извештај, да расправа Собранието, а не да се чека до- дека да завршат сите собири.

Молам, сега да заклучиме во вторник да го добиеме извештајот.

(реагирање на пратениците)

Не може, ве молам. Сакате да се стави на дневен ред, а мораме да се држиме за Деловникот. Немаме материјал. Не можеме ако немаме материјал, а оној кој треба да го обезбеди материјалот не известува дека не може да го обезбеди сега. Како можеме да го ставиме на дневен^ред? Тоа е против Деловникот.

Има збор Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, сакам да предложам поодделни точки од пред- ложениот дневен ред да се одложат поради истото она што господинот претседател сега бара прашањето од Комисијата да не се стави на дневен ред заради немање на материјал.

Точка 1 од предложениот дневен ред - Предлог за донесување на закон за празниците на Република Македонија, повеќе комисии не го разгледувале заради немање мислење од Владата.

Точка 3 - Предлог за донесување на закон за народниот правобранител.

Точка 7 - Закон за изменување и дополнување на Законот за процесната постапка со предлог на закон.

Точка 8 - Предлог за донесување на закон за изменуваше на Законот за извршна постапка.

Точка 9 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за управните спорови со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за кривична постапка, со Предлог на закон.

Точка 16 - Предлог за донесување на закон за национализација на целокупниот движен и недвижен имот на општествено - политичките и други организации што се укинати или чија функција престана со амандманите од 57 до 80 на Уставот на Република Македонија од 1974 година, со Предлог на закон.

Ова го предлагам од следните причини.

Законодавно - правната комисија не доби мислен>е на Владата и не можеше да заземе став, да види што ќе се поставените амандмани, за расправа по овие законски предлози и да може да изгради свој став како тело дали таа ќе има свои забелешки или амандмани на веќе предложениот закон. Поради ова сметам дека во овој момент за овие системски закони не може да се расправа пред ова Собрание.

Гледам сега на пратениците им се доставуваат мислењата на Владата по сите овие закони, меѓутоа, тоа е само на пратениците што сме тука во пратеничките клупи, а секое работно тело покрај нас пратениците има и надворешни членови кои би било опортуно да бидат присутни кога токму овие основни закони се расправаат и по нив се заземаат ставови. Затоа јас ве молам, овие точки да се одложат сега, да се даде можност на работните тела на Собранието по нив да се произнесат , да ги проанализираат и оценат амандманите и забелешките како и да заземат свои ставови и дури тогаш, на наредната седница по нив да се расправа.

Ќе го пренесам и мислен>ето на ЗПК која вчера заклучи да нема отстапувања од него.

Во иднина оваа Комисија нема да прима вакви програми кои ќе се даваат откако однапред ќе се постави дневниот ред на Собранието и еден ден пред одржуваше на седница на Собранието телото да расправа. Сакаме да се почитуваат роковите од Деловникот, секој пратеник да може слободно и навреме да го разгледа предлогот што се дава, да консултира други институции, научни или да побара некое мислење кое се издвојува како посебно мислеше во општеството, да направи консултации со други пратеници и сл. Предлагам во иднина ова известување се однесува посебно за претседателството на Собранието на чело со претседателот на Собранието господинот Стојан Андов дека вака повеќе нема да работи оваа Комисија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво, Собранието мора да работи во согласност со Деловникот. И комисиите ќе работат во согласност со Деловникот. Секоја комисија па и

ЗПК може да работи само по Деловникот. Сигурно е дека ако членовите на Комисијата не се во состојба , заради тоа што доцно им дошло мислење или некое известување, не можат да расправаат, тогаш ќе заклучат на седница на комисија, дека не можат за тоа да расправаат, а не начелен став да градат, како нема да разгледуваат итн.

Второ, дали нешто ќе биде на дневен ред или не одлучува само Собранието. Никој друг не одлучува, а ние во согласност со Деловникот можеме да му дадеме таков третман, каков што му следува. Она што е во рок дадено си стои во Решението, тоа што е постаро дадено укажуваме на генезата зошто е после рокот дадено, кој го дал и што од кого сме барале, а за она што на седницата е дадено како итно, бараме образложение за итноста. Според тоа деловнички никаков проблем нема.

Што се однесува до конкретниот предлог на господинот Стојановски, претседател на ЗПК, сите овие точки ќе беа симнати од дневен ред, ако утрово не дојдеа мислењата на Владата, По сите точки дојдоа мислењата на Владата. Ние сме должни бидејќи се исполнети сите услови , овие точки да ги ставиме на дневен ред, освен ако Собранието поинаку не одлучи. Собранието има право, господинот Стојановски предложи да се одложат тие точки и може така да одлучи. Ние мораме да ви предложиме заради тоа што Владата даде мислења и ако се усвои да бидат на дневен ред , тогаш комисиите на паузите треба да ги разгледаат. Се разбира, тоа не е поволен начин на работа и извршување на задачите на комисиите. Комисиите се под пресија. Меѓутоа, јас можам да ви докажам дека денес во 8,00 часот, дојдоа мислењата на Владата. Во 9,15 часот, Вие ги добивте, така да задоцниле мислењата иако навреме се испратени сите овие акти на Владата.

Јас го ставам на гласање предлогот на господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Еве во што е проблемот. Проблемот е што овие закони сега се даваат. Ако Комисијата даде свој амандман, Владата е должна по тоа да расправа. Значи ние пак си ја сечеме гранката на која седиме. Носиме закони од кои зависи животот на граѓаните. Затоа не можеме еве имаме мислење, па ќе се состане Комисијата, за време на пауза, имаме 10 закона таму, и ако секој оди по половина саат, тоа се пет- шест саата. Кога ние повторно ќе се состанеме да расправаме овде. Затоа велам, не да се симнат, претседателот во еден момент употреби лош термин, мислам дека е само грешка...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, да се одложи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ние бараме ова да се одложи за наредна седница кога ќе имаме чисти работи. Тука ќе настанат големи расправии по овие закони. Затоа, ве молам да имаме чисто, она што ќе дојде овде да се расправа пред ова Собрание да биде чисто, а да расправаме по содржината, а не дали има ова, дали нема, да одиме на пауза и да чекаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вашиот предлог е да се одложи и јас само него го интерпретирам. Меѓутоа, ве молам ова е предлог по кој треба да се изјасниме инаку тие процени треба да ги даде Комисијата. Комисијата треба да заседава и да ни даде извештај дека немала можност да даде правилен суд. Ние таков извештај немаме од Комисијата.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Во прилог на дискусијата на Томислав Стојановски и јас би сакал да го поддржам мислењето и барањето до Собранието неколку точки што се предвидени за денешната расправа да бидат одложени за наредната седница. Мислам дека тоа е сосема во ред и еднаш засекогаш треба да прекинеме со една пракса која што подолго време се провлекува низ работата на Собранието, да владата во очи на седници ни доставува мислења за кои што треба сега да даваме паузи по пет саати, да се собираат пратениците во комисии да работат. Тоа се закони кои што најмалку две до три комисии треба да ги погледаат. Тука се добива впечаток за една неефикасност на Парламентот пред јавноста, а кога станува збор причината е сосема на друго место. Оттаму мислам дека навистина треба да се прекине . Ако нема добиено мислење благовремено во комисијата, тоа да не се прави за време на расправата во Парламентот.

Уште еден аргумент во врска со предлогот за одлагање на предлогот за донесување на закон за јавно правобранителство. Ние како матична комисија го гледавме и заклучивме заради тоа што постојат различни мислења во Комисијата за политички систем и ЗПК, Комисијата за внатрешна политика претходно да се одржи заедничка расправа на сите три комисии со присуство на претставници од стручните институции, па тогаш да се донесе конечен став дали овој закон ќе се прифати како предлог за донесуваше или не» Оттаму мислам дека има и материјална причина зошто овој закон на денешната седница не треба да биде, а се придружувам за сите четири пет закони се одложат за наредна седница и тоа да се знае # заради неблаговремено доставување на мислење на Владата на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам законите што ги наброи господинот Стојановски да ги одложиме од оваа седница за наредната седница, а постапката дотогаш да се изведе. Ќе ги извадиме од стенограмот точно кои се споменати.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Јa користам можноста како потписник, еден од 16-те потписници на иницијативата поднесена до ова Собрание во врска со ставот на Олимпискиот комитет за учество на нашите спортисти во Барцелона, да го поставам прашањето зошто оваа иницијатива не е поставена на дневен ред денеска, бидејќи Собранието гласаше и по основа на итноста не помина, а редовна постапка можеше да помине.

Прифаќам оваа иницијатива, можеби не на оваа седница но на идната седница, можеби и проширена со ставот на спортистите за учество во Барцелона ставено во дневен ред.

Меѓутоа остануваме на ставот дека со таа одлука е нанесено штета на највисоките државни интереси на Република Македонија и треба да се даде можност главно на потпретседателот на нашето Собрание Тито Петковски да даде свое објаснување за учеството во работата на овој Олимписки комитет. Бидејќи ова прашање е јавно поставено и бара јавен одговор, а ова е второ јавно прашање поставено од оваа говорница на потпретседателот Петковски.

Првото јавно поставено прашање беше во врска со растурањето на летоците на бугарски јазик непосредно пред изборите. Ова би било второ. Мислам дека би требало да се најде начин, дури и Собранието да не го прифати ова да се најде јавен начин на објаснување за работата на овој Олимписки комитет.

Би сакала да оддадам признание и лична благодарност до големиот спортист Дарко Панчев, достоен син на македонскиот народ кој што се обрати јавно во еден стил невообичаен овде кај нас, на жалост невообичаен. Кај нас е вообичаен еден квази професионализам, еден

безличен чин, за негово дирекон обраќање до ФИФА, под наслов - признавање на мојата сакана Македонија.

Лично би била многу задоволна кога би можело едно вакво обраќање и од Олимпискиот комитет да прочитам, а воопшто тоа е моја желба да потцртам за стилот и начинот и да ги потсетам луѓето кои јавно се обраќаат/до јавноста на обраќањето на Елцин синоќа во Американскиот конгрес. Во врака со тој стил, сакам да ја потцрта различноста на стиловите. А, за мотивацијата и за нашите спортисти сакам да кажам дека првиот маратонец имаше ваква мотивација каква што би имале во Барцелона нашите спортисти кои би настапувале под свое знаме, или барем под Олимписко знаме.

Јас им пожелувам на македонските спортисти да се најде начин за достојно учество нивно во Барселона и за успех во тоа учество бидејќи мотивација овој пат имаат навистина голема.

**СТОЈАН АНДОВ**

Сфатив дека е предлог оваа иницијатива да се стави на дневен ред.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Да се стави на дневен ред или на оваа седница, или на наредната седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи нема предлог, односно предлог е , бидејќи немаме материјал да оди на следната седница.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Верувам дека ви е познато, утрото на 15.06.1992 година, во селото

Радолишта - Стушко, бројни полициски сили, по наши сознанија околу илјада го опсаднаа селото. Опсадата траеше од 4 до 9,30 часот и притоа беа употребени и блиндирани возила, па дури се виде и тешко наоружуваше , во случајов минофрлачи.

Во утринските часови исто така се слушнаа и рафални истрели од аутоматско и митралеско оружје, чии што траги ги има по многу куќи во селото. Ова беше направено наводно со цел да се притворат неколку лица. Човечки жртви, за среќа немаше.

По претресот на околу 15-тина куќи беа притворени околу 30 граѓани а 12 односно 13 од нив сеуште се во притвор.

Поради овој немил случај и настан жителите на селото Радолиште и поголемиот дел од струшката општина се многу вознемирени и бараат објаснување, не само она што го наоѓаат во печатот и средствата за јавно информирање, зошто се случи ова. Ако надлежното ресорно министерство односно Владата не е во состојба да го стори тоа денес предлагам за една од наредните седници да се изготви една информација и да се овозможи собраниска расправа.

Исто така предлагам како посебна можност да се формира и посебна група односно комисија во стилот, или анкетната комисија сега да се активира, како за трите други случаи, да се излезе на самото место и да се утврди состојбата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде нема предлог, Предлог е да се подготви материјал.

**МЕРСИМ ПОЛО/КАНИ:**

Или ако Владата е во можност да даде информација да влезе во дневен ред и да се отвори расправа, или да се изготви информација за наредната седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали Владата е во можност денес да даде информација

(Не може)

Еве претседателот на Владата извести дека не може денес да се подготви информација. Тоа ќе се направи на една од наредните седници.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Во подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во Кичево посебно во месните заедници каде се лоцирани полициските стани] и тоа во селото Зајез и селото Осломеј, жителите на овие месни заедници не се задоволни од начинот на постапувањето на полициските патроли. Имено полициските патроли односно некој од нив спремни се да одмарат за време на целото свое работно време во приватни куќи. Некој од нив играат по 4 до 5 часа билијард низ разни локали во селото. Забележано е да често консумираа алкохол....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Што ви е предлог во врска со дневниот ред. Не расправаме за тоа сега. Дали имате предлог во врска со дневниот ред. Дајте тогаш предлог да се разгледа и Кичево.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ :**

Еве јас сум при крај . Малку е елаборирам работата како стои во Кичево.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Што ви е предлогот. Прво дајте го предлогот па после ќе видиме дали треба елаборација.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Овие тензии се зголемуваат. На 9.06.1992 година, околу -12 часот н& пазарен ден во Кичево еден полицаец при гонење на еден граѓанин употребил огнено оружје. Од овој гест граѓаните се вознемирени.

**СТОЈА АНДОВ:**

Кажете што барате.

**ОЛОМАН СУЛЕЈЈУ1АН0В:**

Иста ситуација како во Струга имаме и во Кичево.

На 15.06. во утринските часови над 30 полицајци во село Србица влегле и претресле три куќи, затоа поседувам записници, може да се види и на камера каде не е најдено ништо.

Барам информација од Министерството за внатрешни работи, дури и на денешниот состанок ако може да расправаме по оваа точка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам го прашав претседателот на Владаа дали е во состојба да даде информација за денешната седница. Господин Кљусев ми кажа дека не може за денешната седница да се подготви информација туку за наредната седница, па кога ќе се подготвува информација за Струга да се внесат и случаите за Кичево.

Дали некој друг бара збор.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитувани патеници бидејќи барањето на денешната седница да се расправа по проблемот околу водоснабдувањето од регионалниот водовод "Студенчица" не беше прифатено со образложение на Владата дека во

толку краток период не може да даде информација, сметам дека сепак треба да се уврсти на денешната седница на дневен ред од причина што нема потреба незнам какви информации да дава Владата, туку да каже е во состојба да воспостави ред на веќе донесените акти околу овој проблем или не е во состојба. Затоа смета дека не треба да се прифати образложението на Владата туку проблем кој е актуелен во овој момент и е итен треба да се стави на дневен ред и ова Собрание еднаш за секогаш да расчисти и да расправа за одговорноста на оние одговорни лица, ресорни министри кои не можат да ги спроведат донесените акти околу водоснабдувањето од регионалниот водовод "Студенчица".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова прашање беше на изјаснување до Собранието. Собранието се изјасни. Тоа е предлогот на Апостоловски. Ние сега немаме материјал за тоа, а кои мерки ќе бидат превземени треба да произлезе од расправата овде кога владата ќе го даде материјалот. Можеме ли да расправаме без материјал.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

На нас не ни се потребни никакви информации. Досега Прилеп и Крушево имаат добиено барем 100 информации. Од информациите видовме дека не .ни тече вода. Битно е Владата овде да каже што е тоа што конкретно има превземено околу воспоставување на некаков ред во водоснабдувањето и дали може овој проблем да се реши или не. Овде не станува збор дека требаат сега некакви истории како е грден водоводот, зошто е граден, има вода или нема вода. Ние сакаме да се каже што Владата може да направи за разрешување на овој проблем, или пак оваа држава ќе може да биде секоја месна заедница фактор, со која државата мора да разговара иако е со закон поинаку регулирана. Затоа нема потреба од никакви информации ниту на Владата  и е потребно време за овој

проблем. Или Владата има превземено некои активности, како на пример донесување на одлука за цената на водата каде граѓаните од трите општини ги става во уставна нееднаквост, а проблемот со редот на потрошувачката на вода од регионалниот водовод не може да го реши. Исто така правеше и бившиот Извршен совет, бегаше од решавање на овој проблем.

Ви се молам, не може да се остава двеста илјади жители некои да си играат играчки и секој ден да затвара и отвара вентил. Сметам дека ова Собрание нај сериозно треба д дозволи да се постави на дневен ред овој проблем, да расправа и да донесе конкретни заклучоци и задолженија па така еднаш за секогаш да го симнеме овој проблем од дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мене не ми е јасно како ние ќе донесеме конкретни заклучоци кога немаме материјал по кој ќе расправаме. Владата треба да ни даде материјал.

**АПОСТОЛОВСКИ**

Јас не би се согласил со целосното излагање на господинот Џаферовски дека не треба да се поднесе информација. Ако нема информација од Владата тогаш јас незнам што ќе дискутираме врз основа на кој параметри. Точно е дека итноста е голема да се донесе решение да се разреши проблемот "Студенчица" бидејќи како стојат работите сега тој може да ескалира до несакани граници и Општина Прилеп точно е да се оградува од сите натамошни ескалации кои би настанале во однос на безбедноста како во Кичево така и во Прилеп. Јас сметам дека Владата треба обавезно да поднесе информација и по таа информација да расправаме и да дојдеме до решавање на проблемот.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Јас незнам во чие име зборуваше господин Апостоловски, дали во има на Владата или во име на граѓаните кои го бирале. Но повторувам, во Прилеп и во ова Собрание и во изминатиот состав добивме сто информации и јас незнам дали во Македонија постои граѓанин кои не ги знае проблемите со регионалниот водовод "Студенчица". На нас во Прилеп ни е потребно решение. Ние не бараме никој да изнуди повеќе вода од изворот туку она што е со актите околу овој проблем, со законот за води, со одлуката за распределба ка водата во изворот Студенчица да се регулира тоа прашање. Информација Владата за преземените мерки и активности во изминатиот период може усмено на оваа говорница овде да ја даде и затоа нема потреба од многу време, заради тоа што ова прашање не трпи одлагање . Ова Собрание расправа кои можат да трпат повеќе време, а за ова мислам треба да се согласи да се расправа. Не треба да губиме многу време, ќе кажат ресорните министри, што имаат преземено, што е проблемот што не се решава, бидејќи на пратеничкото прашање господинот Лепавцев одговара дека тој не е во состојба да го реши овој проблем затоа што му смета некој таму што го одвртува и завртува вентилот

**АПОСТОЛОВСКИ:**

Не знам Џаферовски што сака, да ме става во улога на заштитник ан Влада или во заштитник на жителите од општина Прилеп. Јас кога сум го иницирал проблемот со Студенчица сум ги заштитувал интересите на општината. не треба само демагогија да изнесуваме на говорница туку да го разрешиме проблемот, а како ние можеме да го разрешиме кога нема пишан документ и што ние воопшто дискутираме. Затоа ја задолживме Владата да подготви информација и по однос на таа информација ние да дискутираме.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

За една од наредните седници со оглед на актуелноста на прашањето барам Министерството за внатрешни работи да подготви информација за активностите и мерките што ги превзема по повод привремениот престој на граѓаните од Република Албанија, легален или не легален, во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро предлагам да се прифати овој предлог на господинот Трпеновски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Ве молам прво да завршиме по претходното прашање.

Мојата намера не беше овде никаков маркетинг да правиме бидејќи правен е маркетинг. Нити мене ми се потребни информации од типот на тоа како е граден и зошто е граден регионалниот водовод. I Инаку дел од информацијата треба да ја даде и господин Апостоловски бидејќи тој е раководител на подрачната единица на Министерството за урбанизам, покрај Владата. Според тоа сметам дека денес Владата може да даде информација и да каже што е тоа што има преземено и како ќе се даде овој проблем. Ништо друго не барам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само еден момент. Господинот Апостоловски бидејќи е раководите на подрчното одделение одговара на Владата, на својот ресорен министер, а не одговара на Собранието. Затоа овде не можеме да го прозиваме за таа работа. Сега тоа води малку кон лична расправа.

**НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:**

Не е со расправа. Јас мислам дека оваа говорница не треба да с е користи за пропаганда. Ако ја следевме дискусијата на Џаферовски пред малку, тој кажа дека не треба информација. Сега се залага да има информација. Тогаш нека каже што бара. Тоа не значи ако јас ^ум началник на подрачната единица дека со деловникот сум задолжен да подготвам информација, Информација подготвува Владата, и ако некој треба, се знае, Јавното претпријатие. Немаме присутни ниту од ресорното Министерство, ниту присутни од Јавното претпријатие "Злетовица Студенчица".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали сме во состојба да го завршиме ова прашање.

Има збор господин Борис Горчевски.

**БОРИС ГОРЧЕВСКИ:**

Ми се чини, редно е да престанеме да нема меѓусебни дуели.

Објасни господинот Апостоловски дека Владата треба да достави информација. Алил истото барање го бараше. Сите заеднички од Прилеп го мислиме истото/ само овде дојде до некоја самореклама, односно Алил Џаферовски да прикрие некои приватни работи , да добие еден свој рејтинг, а сите знаеме тие приватни работи што беа. Целта беше исклучиво само тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега не расправаме за Алил Џаферовски.

**БОРИС ГОРЧЕВСКИ:**

Јас реков да престанеме. Ова беше некој рејтинг да се добие, а не беше целта само за Прилеп. Беше целта за име да се добие.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам пратениците да ми дозволат тоа што ми припаѓа по Деловникот, јас кога велам да се престане, да се престане. Да се договориме за тоа.

Меѓутоа, мислам дека се договоривме Владата да подготви информација и да ја достави, тоа за наредната седница.

Сега за збор се јави господин Арсовски.

**БРАНО АРСОВСКИ:**

Има една општа забелешка на пратениците дека овој законодавен домен го претвараат во една месна заедница, па мислиме дека ќе расправаме за секоја случка што се јавува во нашата месна заедница.

Јас сакам нешто конкретно да предложам. Како претседател на Комисијата за труд и социјална политика чувствувам за потреба, бидејќи предложивме да донесеме еден Предлог на закон односно закон со Предлог на закон околу платите. Ова точка што беше предложена како прва, предлагам да биде меѓу последните заради тоа што Комисијата за труд и социјална политика да има време да се произнесе по овој Закон, бидејќи овој Закон зафаќа околу 181 илјада пензионери. А,
да не кажувам дека околу 32,8% се со најниска пензија од 16,1 илјади денари. Така што во таа смисла ќе ми дадете шанса мене, како претседател и на членовите, да го разгледаме Законот и во меѓувреме да дадеме свое мислење со што ќе ви ја олесниме работата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За тоа ќе се договориме кога ќе го утврдиме дневниот ред па дури после за редоследот на разгледувањето.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Една метафора напред да слушнете.

Кога бил бег имал ново одело. Бог го заспал и му го спарталил оделото. Кога се разбудил рекол јас сум или не сум јас? отишол дома, жена му му вели - Дошол еден човек. А, бе, маж ти сум! А, бе, мавни се од тука, маж ми беше бег, не беше партал.

Има уште друг пат ќе ви докажам.

Знаете ли како изгледаме? Тоа важи за сите нас. Изгледаме бедни, сиромашни, а надуени.

Има такви проблеми да се решат во оваа држава, има такви проблеми што некој сака да ги запостави. Се фативме за, како се викаше изборот и водоводите за Прилеп, за Кичево, Крушево итн. Пет години стана детето отишло во прво одделение, уште се зборува. Како да не постои установа која ќе го реши тоа прашање. По едно метро ако таму стававме цевки до сега ќе беше тој водовод направен било оди Стрежево", било од изворот таму каде што извира. А, ние за тоа се држиме. Така сме ниски. Белким постои некоја установа која води сметка за тоа. И, се карате сега меѓу себе,

**СТОЈАН АНДОВ:**

За тоа се договоривме.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Тешко на народот.

Не се гради куќа од ќатија, па после темелот. Темелите ги оставаме, ќе градиме куќа. И овие закони што ги носиме за мене се многу бедни закони.-

Имаме проблеми што не сме ги решиле. И, кој знае кој не е тука претседателот на Републиката, нека му биде добар патот и нека го најде најправилниот пат да донесе добри абери.

Не е тука министерот за внатрешни работи за кого требаше да се говори, а тука стана збор и не е тука и незнам зошто не е тука. И министерот за правосудство, незнам колку е силен тој, да одговори на тие прашања што ги поставуваат некои од нас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имате ли предлог за дневниот ред?

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Предлог.

Прво, бидејќи од информативните средства читам дека во Македонија се затворнеи и македонци. Осудени, и малтретирани. Значи, едноумието продолжува во јатаците каде што беше.

Ќе барам писмени изјави од луѓето, ќе барам да се оформи комисија и да се испитаат постапките на нашата полиција. Не правиме полициска држава, правиме некоја демократија, правиме закони, кои го демократизираат ова наше општество. Меѓутоа, за жал, не е така.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Што предлагате.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Предлагам, ако може министерот за правосудство да даде информација за луѓето кои беа судени овие денови и зошто се судени?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа оди во пратенички прашања.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Второ, ако не може да даде информација во овој момент, да ја запознае јавноста, тогаш ќе барам да биде присутен, затоа што завчера му кажав не се смеј> не на вас, (гледа во насока на министерот за правосудство и управа кој се чуди на ваквата алузија) на министерот за внатрешни работи. Истото му го кажав едно време и на господинот

Трпеновски. Јас ви реков, и на Демократскиот сојуз, на некој од колегите незнам сега како се вика и на напите, не е добро кога ќе те опнам двапати во грбот, ќе видиш колку боли. Не е тоа добро. Не е тоа добро. Некој да земе, да те тепа, да те тепа и да вика јас ја правам правната држава, не другари! Не пријатели!. Не господа! Стоп! на тоа едноумие. Тоа беше предлогот, го прифаќам мислењето на господинот министер за правосудство, за што се надевам дека ќе даде информација на наредниот состанок. А, сакам да биде присутен и господинот министер за внатрешни работи, ако не му текне некого да смакне вечерва. И, кој ги стави тие министри, јас незнам.

Второ, барам, давам предлог да се оформи комисија од ова Собрание а претходно барам информација не од претседателот на Владата,од дотичниот министер за енергетика, друго прашање, друг предлог, господине министере за правосудство, колку тони нафта, се увезени од Грција, во времето од кога се блокира, од кога ЌЕБС ја блокира сега т.н. Сојузна Република Југославија. Колку во нашите рафинерии во Македонија е преработено...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа се пратенички прашања. Ќе дојдеме на тоа.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Ќе барам нешто друго, барам нешто друго господине претседателе. Тоа веднаш ќе го изложам сега.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не можете да барате сега. Вие сега предлагајте.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Предлог давам и барам веднаш, предлог и барање ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дајте предлог за дневен ред.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Давам предлог да влезе во дневен ред, а ќе предложам што барам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде, предложете што предлагате за дневниот ред.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Тоа што ме боли, гледам редици, одат таму бараат нафта - нема

Одат бензин - нема. Илјада регистрации. А да не кажам и една друга работа којалично сум ја видел што станува. Тоа е предлог, барам да се оформи од ова Собрание комисија со која ќе испита од блокадата, до денешен ден, 18.06. о.г. каде и колку е разаботена нафта и каде е отидена, потрошена нафтата од рефинериите и од други места. Тоа е многу важен момент. Јас, ми се чини ќе најдам на разбирање, не сакам да навредам никого од вас, верувајте ми, повеќето од пратениците дека ќе се согласат дека некаде таа нафта оди. Толку, да влезе во дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова е пратеничко прашање на кое ќе одговори Владата.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Во предлогот барам да се оформи комисија од ова Собрание и да испита освен тоа што Владата ќе одговори, барам да се оформи комисијата и да се види од Гевгелија до рафинеријата и од рафинеријата до Белград колку нафта отишло.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, во дневниот ред да се уврсти.

Молам, дали некој бара збор во врска со ова.

Има збор госпоѓица Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, го поддржувам предлогот на пратеникот Митко Анастасовски, ресорниот министер за внатрешни работи да изготви информација за причините за судењето на шестмината затворени во Велес за што беше известена јавноста. Исто така, и за гласините кои кружат во јавноста дека визички се малтретирани и дека се навредувани врз политичка основа, поточно нивното право на политичка припадност што е едно од универзалните човекови права на слобода на мислење, слобода на определување слобода на здружување во политички организации. Биле навредувани поради тоа партиска припадност.

Молам, министерот за внатрешни работи доколку е можно на денешнава седница да подготви информација и да го запознае парламентот. Доколку не е во можност тоа да го направи за следната седница на Парламентот.

Исто така, го поддржувам предлогот на пратеникот Митко Анастасовски, Владата денеска да информира и тоа да влезе во дневниот ред, како се применуваат санкциите од резолуцијата 757 на 00Н за кои што санкции Владата донесе одлука да се применуваат на територијата на Република Македонија.

Знаеме дека, доколку овие санкции не се применуваат, а за тоа имаме информации дека првите 5-6 дена доследно се применуваа санкциите, сега има доста примери и на кршење на санкциите, на пренесување на стока, нафта, преку границата помеѓу Србија и Р. Македонија, доколку Македонија ги крши санкциите з наеме дека од страна на ОН и самата ќе биде подложена на истите санкции.

Молам, доколку е во можност претседателот на Владата на денешнава седница да информираат за применување на овие санкции.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи е ова многу сериозно прашање, кафеански муабети да се изнесуваат на говорница овде, не смее да остане на тоа, Владата мора да даде точен одговор, бидејќи Македонија одлучува да ги спроведува санкциите. Молам денеска да се одговори на тоа прашање.

Ако можат веднаш да одговорат, нека одговорат, инаку, ќе кружат прикаските и фактички се руши оваа држава.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Барам реплика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вам не ви се обратив воопшто, Нема реплика.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Се придружувам со поддршка кон иницијативата на овој

Беше парламент да бидат објаснети сите околности под кои/водена постапка на групата на која беше судено во Велес заради контроверзиите во јавноста, заради несоодветното известување од средствата за информираше, со можност јавноста да се дезинформира.

Сметам дека на наредната седница, доколку Владата не е во можност тоа денеска да го стори, треба задолжително да биде во точките на дневниот ред за наредната седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За судењето дали може денес? (Не може)

А, за ова другото денес. Денеска ќе дадете информација, не мора веднаш. Или, ако може веднаш.

Но, јас би предложил прво да го утврдиме дневниот ред, да се забележи дека се уврстува во дневниот ред и потоа ќе објасниме.

Има збор госпоѓица Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, денешнава седница е една од многуте седници на која што претседателот на Собранието се однесува во стилот- - Деловникот тоа сум јас. Исто така, неспојиво со парламентарна демократија е да коментира излагаше на пратеници од говорницата, ако поставиме прашање да не нарече дека се однесуваме како полицајци, или, исто така користејќи го демократското право преку говорницата да поставиме прашање на Владата или да дадеме предлози за дневниот ред, да прави алузии дека се тоа кафеански муабети итн., да ги навредува пратениците. Мислам дека тоа е непримерно и не би сакала да го квалификувам со други зборови.

Инаку, не може да се нарече кафеански муабети она што средствата за информирање во Македонија го донесуваат. Ова е весникот "Нова Македонија" од 13.06. со наднаслов дека е потпишана Спогодба меѓу СР Југославија и Р Македонија во областа на воздушниот сообраќај. Има една кратка информација дека ова е токму еден од примерите со кои што Владата на Р. Македонија се однесува спротивно од санкциите на ОН.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас се однесувам точно во согласност со своите права што ги имам според Деловникот. Ве молам, Вие зборувате дека се зборува ова, се зборува она. Тоа што Вие го зборувате ни дава основ за тоа што се зборува да не биде аргумент, туку да се разјасни на оваа седница денеска. Само го подржав вашиот предлог на денешнава седница да се зборува. Вие дадовте аргументи дека се зборува ова, се зборува она. Тоа е доволно да бидеме против тоа да биде нечисто. Само тоа. Ништо натаму, треба да се разјасни работата.

Има збор господинот Паунов.

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Денеска на оваа седница, барам да бидат ставени две точки на дневен ред.

Прво, информација за пласманот на земјоделското производство на земјоделците, бидејќи тоа производство е веќе престасано и треба некаде да се потроши. Нема пазари, нема капацитети за лреработување итн. Мислам дека треба тоа прашање да се постави. Би навел дека за 30 денари дали е тоа цена од Струмица да се донесе во Кочани да се продава патлиџан. Тоа е и за пиперот, тоа е и за другото. Мислам дека нема време за чекање, оваа точка мора да се стави на дневен ред.

Втора точка да биде информација за извршувањето на Програмата за развој и поттикнуваше на земјоделието на Р. Македонија, што беше донесена за давање кредити на земјоделците, давање пет крави, 50 овци итн. Што е со програмата, каде затаила и дали има нешто од неа или не.

Сигурно ќе ми се каже дека нема материјал и да се одложи за другата седница. Барам Собранието да се изјасни на оваа седница, а Владата нека го подготви тој материјал и нека го поднесе на денешнава седница. Не бараа да биде прва точка, нека бидат меѓу последни- те, но Собранието да се изјасни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, да се разбереме, првото прашање што го постави е да се подготви информација за пласман на земјоделски производи. Да видиме Владата што мисли, дали може на денешната седница тоа да го подготви и да ја разгледаме информацијата. Ве молам, претставник на Владата да каже на говорница за да влезе во стенографските белешки. Кажете, да знаеме, може или не може.

**БЕКИР ЖУТА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во врска со конкретно поставеното прашање, димензиите на прашањето се од таква природа што не може ад хок одговор да се даде. Импровизации мислам дека состојбите не трпат. Доколку сакате такви импровизации, таква информација ќе добиете, а тоа не значи дека. на тој план нема и резултати, но не значи дека нема и проблеми. Меѓутоа, некои од проблемите не мора да се нагласат. со име и презиме во моментот во кој се наоѓаме. Мислам дека треба да се води сметка за тој аспект. Од тие причини, сметаме дека не е од интерес денес да расправаме по тој проблем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го слушнавме мислењето на Владата.

Кој е за предлогот на господинот Паунов денес да се расправа, молам, да крене рака.

**РИСТО СТАМЕНОВ:**

Јас сакам во врска со истото да дадам само еден предлог. Сите пратеници пет дена пред да дојдеме на седница можат да под- несат таков предлог за да добиеме извештај и тоа да го разгледуваме.

Да не се чека на самата седница да предлагаме. Во иднина да биде принцип два, три или пет дена пред тоа да се предложи, да не се чека да дојдеме тука да се дава илјада и еден предлог. Има време кога тоа да го предложиме. Сакам да се изјасниме понатаму такви предлози воопшто да не разгледуваме на самата седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме деловник, треба да се придржуваме кон Деловникот. Да се изјасниме за предлогот на пратеникот Паунов.

Кој е за предлогот да се разгледува на денешната седница? 18 пратеници гласаа за предлогот. Според тоа тоа не е поволно. Меѓутоа, Владата прифаќа да изготви и за првата седница да даде информација.

Во врска со истото прашање господинот Гошев бара збор.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, бидејќи неодговорно се однесуваме подолго време кон институцијата пратеничко прашање, се случува на седницата преку пратенички прашања да бараме влегуваше на дневен ред на одредени проблеми. Тоа е класичен пример на денешната седница.

Кота се постави прашање во врска со информацијата што се случи во врска со откупот на земјоделски производи, јас на пример не сакам такво прашање да помине без одговор на денешната седница. Но исто така не може да се постави на седница вака ад хок да се бара информација подетална итн. Но бидејќи прашањето е актуелно, исто така Владата не може да одговори, ако сакате импровизиран одговор, ние ќе ви дадеме импровизиран одговор ако сакате да добиете конструктивен одговор, темелен одговор, за тоа ни е потребно време. Јас мислам дека" Владата доволно ги следи актуелните проблеми  и на денешната седница може да

даде прецизен одговор што се случува во врска со тоа прашање, а тој прецизен одговор мислам дека може да го даде во рамките на пратеничките прашања кои или ќе ги направиме да бидат пред седницата - јас сум секогаш тоа да биде пред седницата за еден определен период, еден час или два часа пред седницата да бидат определени само за пратенички прашан>а или на крајот од седницата да се држиме, но тогаш да не си одиме сите и да биде присутна Владата комплетно за да дава одговори на пратеничките прашања.

Значи, во врска со ова прашање, бидејќи е актуелна, усмено одговор од Владата треба да се даде на денешнава седница каква е состојбата, бидејќи верувам прашањата и проблемите се познаваат од таа сфера, верувам дека во владата има луѓе кои знаат да кажат што во моментот е најкритично во врска со таа сфера•

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако има такво прашање на крајот,под прашања и предлози ќе одговорат.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Има прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега се предлага информација, не прашање и за тоа се договоривме.

Во врска со дневниот ред за збор се јави пратеникот Михаил Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, предлагам две нови точки за дополнување на дневниот ред.

Со оглед дека пратеникот Митко Анастасовски првата информација ја дотакна, сакам да дадам дополнување и барам таа точка односно двете да бидат ставени на изјаснување пред пратениците.

Првата точка што ја предлагам е информација на Владата за снабдувањето со нафтени деривати во Републиката. Сакав да побарам по писмен пат, но мислев дека Владата на вчерашната седница ќе заземе исправни ставови и ќе понуди правилни и конкретни решенија. Со оглед дека се запознав денес од дневниот печат со одлуките на

Владата, сметам дека тие се катастрофално лоши и затоа предлагам оваа точка да биде ставена на дневен ред на денешната седница. Не мора да биде ставена како прва, може да биде ставена кон крајот, но со оглед дека има многу точки, сметам дека оваа седница ќе трае повеќе денови и можеме да ја ставиме кон крајот на дневниот ред.

Втората точка што предлагам да биде ставена на дневен ред е Информација за механичкиот прилив во Македонија во форма на воени бегалци и формирање на паралелни детски експозитури или здруженија, како сакаат нека бидат крстени, кои се водени од странство и информација за нивното финансиско работење. Бидејќи имаме регуларни детски здруженија, имаме Црвен Крст итн. барам и за ова да ни биде доставена информација која не мора да биде во текот на денешниот ден, но за двете точки барам Собранието да се изјасни сега и да бидат ставени на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, прво е Информација за состојбите со снабдувањето со нафтени деривати.

Молам, кој е за овој предлог да влезе во дневниот ред, да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Вториот предлог е на оваа седница да се даде информација од Владата за текот на механичкиот прилив на населението преку доаѓаше на бегалци од загрозените подрачја со војна во Југославија и формирање паралелни детски здруженија, детска амбасада.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака.

Дали на оваа седница?

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:** (Од место)

Оваа седница ќе трае повеќе денови.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, дали Владата може тоа да го подготви? Нека каже за тоа министерот за труд и социјална политика.

**ИЛИЈАЗ САБРИУ:**

Почитувани пратеници, доколку се бара информација за расправа на Парламентот, мислам дека ние денес не сме подготвени да поднесуваме таков напишан материјал. Но доколку барате во вид на пратеничко прашање одговор за бројот на бегалците, структурата и др. тоа можеме да го дадеме. Денес ако отвориме расправа мислам дека треба да имаме конкретна информација по оваа проблемати.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас кажав, убеден сум дека оваа седница ќе трае повеќе денови. Затоа оваа информација може да ни биде поделена утре или во текот на

идната недела. Денешниот ден не е доволен само за расправа по Деловникот. Затоа, Владата може да даде информација во текот на утрешниот ден, во текот на наредната недела, а оваа точка нека биде ставена на крај од дневниот ред.

**ИЛИЈАЗ САБРИУ:**

Бидејќи таа информација треба да биде во име на Владата, јас мислам дека Владата мора прво да ја разгледа таа информација која ќе дојде на Парламентот. Инаку, ова би било само информација од надлежното Министерство за да ве информираме за бројот, структурата и пресудните проблеми во оваа област. Инаку,ако барате комплетна информација, таа информација мора да оди на Влада. Јас не можам да пуштам во име на Министерството директна информација во Парламентот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа, ставот на Владата сега е ваков: Ако се бара како пратеничко прашање, во текот на денот кога ќе дојде ред може да дадат одговор, а ако се бара информација, тие тогаш бараат време за да може во Владата да се оствари постапката на изготвување и усвојување на Информацијата. Мислат дека на оваа седница не може да биде ставена на дневен ред, но прифаќаат Владата да ја задолжиме таква информација да подготви.

Дали може да се модифицира вашиот предлог да се подготви таква информација веднаш.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Тогаш таа точка да биде ставена на наредна седница на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кога ќе дојде.

Добро, кој е за, овој модифициран предлог на пратеникот Пановски, молам да крене рака. (Повеќето пратеници креваат рака).

Дали има некој против? (Тројца пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (седум пратеници).

Констатирам дека овој предлог е прифатен. Се задолжува Владата да подготви информација за една од наредните седници, прва ако може да биде, ако не, кога ќе успеете.

**МУХАМЕТ ХАЛИЛИ:**

Почитувани пратеници, јас предлагам Законот за кривична постапка и Законот за процесна постапка да се симнат од дневен ред се додека не се донесе Законот за употребата на јазиците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Собранието се произнесе, тие закони се одложија сега. Кога ќе се расправа за нив, тогаш ќе се договараме за тоа. Ги одложивме по предлог на пратеникот Стојановски.

**МУХАМЕТ ХАЛИЛИ:**

Првите два закони ги одложивме

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не се два закони, многу повеќе се.

Молам, кој друг бара збор?

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, вчера во "Вечер" прочитав натпис дека Министерството за образование и физичка култура под притисок на родителите албанци ја смени првобитната одлука за задржување на имињата и. топонимите и дозволи свидетелствата на

учениците албанци, покрај името Скопје со кири- лично писмо е напишано да стои името Скупи со латинско писмо. Бидејќи никаде не фигурира во нашето законодавство топонимите да се пишуваат на еден од јазиците на националните малцинства, би го замолил ресорниот министер да даде во моментов усно толкување и образложение, а доколку постои расположение кај пратениците, на наредната седница, да се подготви пишан материјал и да се расправа во Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова е пратеничко прашање, ништо друго.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Не е пратеничко прашање бидејќи сакам доколку не може денес да се расправа за тоа, тогаш на една од наредните седници, исто како другите пратеници што поставија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тоа е пратеничко прашање,ќе добиете одговор на прашањето и тогаш ќе барате расправа или ќе имате друг пред- лог, ништо друго. Не може сега да се одговара. Не одговараме сега на пратенички прашања.

**ЦВТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Господине претседателе, бидејќи ситуацијата и проблемот е актуелен, бидејќи и од едната и од другата страна е актуелен проблемот, го замолувам министерот да даде толкување. Доколку нема писмен материјал/ тогаш нека биде на наредната седница. Ве молам, не е пратеничко прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нека даде одговор, само ги кршиме сите деловнички одредби, во тоа е работата.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

За одговор на ова прашање ќе треба многу подолго време отколку само една куса информација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тогаш, зошто прифаќате господине министре?

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Прифаќам, заради се што во оваа Република по многу клучни прашања се создава еден многу негативен набој, се плашам и од при- чина на партиски калкулации така значајни прашања да не добиваат ефемерно објаснување или натаму да се подгрева една атмосфера. Затоа, во одговор на ова прашање ќе го речам само следново во моментов:

Пред два ипол месеци Министерството за образование и физичка култура, по итна постапка, бараше пред Владата четири клучни закона да се стават во постапка, меѓу другите, Законот за локална самоуправа, територијална поделба, Законот за примена на јазиците на националностите и во таа смисла баравме и рековме дека, ако тоа не се стори во меѓувреме,првиот набој ќе биде токму околу давањето на пријави за приемните испити. Тоа сега се случува. Такви закони ние немаме; а со таа проблематика не само Владата туку мислам и Парламентот и пратеничките групи се запознати. Конкретно 15 и 16 јуни беа два приемни дена за примање на документи за ученици што ќе полагаат приемен испит во средното образование.

Веднаш се актуелизираше прашањето за топонимијата, прашање кое до душа не е регулирано со ниеден закон во оваа Република.

Има едно повикување на закон од 1965 година, што воопшто тоа не значи, со тоа не сакам да ве заморувам, а 1987 година Владата во поранешниот состав има подготвено предлог - текст на закон за топонимијата што незнам од кои причини не е ставен во процедура и не е завршен.

Во моментот, Министерството за образование, кое е најмалку Министерство по струката и образованието, туку ги гасне сите пожари од меѓунационалните конфликти и истовремено дел од проблеми на правната празнина во моментот на Република Македонија преку негов грб се прекршуваат, доаѓа во ситуација, затоа тоа животот го наложува, во некои ситуации да мора да регулира. Оттука 16 јуни* на 15 јуни веќе бевме го актуелизирале со сознание дека тоа прашање е актуелно. Истиот ден прибавивме мислење од стручни институции и поединци што значи поимот топонимија и егзонимија, и во таа смисла ги собравме сите текстови и констатиравме дека има определена празнина. Се јави проблем со голем политички набој, голема да не речам бројка, маса на родители и деца да не можат да ги подигнат свидетелствата односно да не ги зимаат свидетелствата како што истовремено и училиштата да немаат јасни инструкции како да постапат.

Во понеделникот подготвивме куса информација со надеж дека Владата ќе ја одржи редовно закажаната седница за вторникот, со надеж дека тоа прашање ќе помине на Владата и во услови на празнина да може регуларно да постапи како што и приличи на една правна држава.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:** (продолжение)

Од сосема други причини, заради зафатеност Владата не ја одржа седницата. Во тој случај по барање, односно по искажан протест на пратеничката група ПДП тоа прашање беше актуализирано на Комисијата за наука, образование и физичка култура. Меѓутоа, за да се примат материјалните факти, тоа не значи никакво прејудицираше, овој министер што моментно стои пред вас, свесен за сета своја одговорност, доколку станува збор за одговорност,потпиша по телефакс и испрати до подрачните единици на Скопје, она што од прилика го интерпретираше пратеникот пред малку, Имено, документите на свидетелствата кои инаку во содржината се двојазични напишани, за кој немаше никаква дилема од порано, да можат да се издават на кирилско писмо со градот Скопје и со еден вид на фонетско прилагодување по наша интерпретација и со консултација на научни институции на името Скупи во истото свидетелство, за да не дојде, (реакции од пратениците), ве молам да се доискажам, а ваша е говорницата понатаму, за да не дојде до проблемот на образованието што е инаку еден вид жижа на сите други нерешени прашања, да се решава на улица, нешто слично како и минатата година.

Предупредувам само на следното толкувањата од научните институции гледаат многу пошироко на овие праша&а, одошто може би на еден дел од пратеници во овој момент се спремни тоа да го согледуваат.

Второ постои евидентно правна празнина. Трето, еден материјален факт дозволете ми со скромност да кажам, повеќе имам познаваше од таа материја зашто сум ја предавал, има главна и споредна содржина. Главната содржина е што е приемен испит. Споредната содржина, титуларот и се она што е датум и место.

Проблемот на топонимијата нужно, како трето нагласувам, мора што побрзо да се реши со закон. Законот го донесува овој парламент. Според тоа, споредна содржина на еден материјален факт врз основа на што може, но не мора да дојде до засновање на правен статус, не е ни малку прејудицирање на никакво прашаше. Не мора да го повторувам ова. Ги повикувам господата пратеници, истовремено како што тоа го сторив на Владата, впрочем која вчера позитивно се искажа по ова прашање, што побрзо овие клучни закони да ги стави на дебата преку овој уважен парламент. Тоа се клучни прашан>а за натамошното постоење и според мене, хармонизирање на извесен број прашан>а во оваа Република, според стандардите како што тоа со Уставот се ориентираше. Ова што е споредна содржина за еден материјален факт, инаку ќе имавме релативно потежок политички проблем, не значи никакво прејудицираше.

Господа пратеници, ако мислите поинаку јас во овој момент спремен сум да ја понесам сета одговорност затоа што завчера го сторив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има некој друг што бара збор да се дополни дневниот ред. (Нема).

Тогаш предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Мнозинството пратеници)

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање (8)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Минуваме на **<u>првата точка</u>** од дневниот ред - <u>Закон за исплата на платите и други надоместоци и дивиденди во Републиката.</u>

Законот не е погледнат ни од една комисија, бидејќи сега е даден, затоа предлагам да направиме пауза

(Пауза до 14,00 часот).

(По паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа. Додека се поделат извештаите на Комисијата, предлагам претставник на Владата да даде своја изјава во врска со Извештајот на Владата за спроведување на Резолуцијата 757 за санкциите.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Почитувани претседателе, почитувани пратеници, Вам ви е познато дека Резолуцијата на Советот на безбедност на ОН уште првиот ден Владата на Република Македонија ја поддржа. И не само тоа. Туку ги задолжи своите надлежни министерства, со оглед на негативните последици што може да ги има за стопанството на Републиката, да ги следат и да ја спроведат до крај Резолуцијата 757, а исто така да направат сопствени согледувања, кои заклучно со 22 овој месец треба да биде доставени до надлежниот комитет, форми- ран од дотичниот совет, кој треба да ги оценува ефектите и да предлага и презема мерки за одредени конвензации, за оние гранки и стопанства кои ќе претрпат одредени негативни последици, поради почитувањето на Резолуцијата 757.

Владата на Република Македонија во тој поглед беше доследна и даде своја изјава со која се декларира дека би побарала да има на подрачјето на Републиката од ОН, односно од нејзиниот совет за безбедност, кој ќе го следат спроведувањето на мерките на Резолуцијата 757 на Советот на безбедност.

Надлежните министерства во тој дух вршат подготовки, за да ги утврдуваат негативните последици на тој план, за да ги доставаат до надлежниот комитет и соодветните документи на оценка за последиците кои дотичната резолуција ги предизвикува за стопанството на Република Македонија.

Оттука ценам дека нема правен простор за определени дилеми, дали надлежните органи на Републиката, затоа што и Собранието на Републиката беше информирано на една своја седница за мерките предвидени со споменатата Резолуција и односот изграден од страна на Владата, во врска со спроведувањето на предметната резолуција.

Ваквите искажувања кои можат да се сретнат во одредени средини можат само да и наштетат на Републиката, да му наштети на стопанството на Републиката и не се во согласност со преземените мерки и активности, кои се спроведуваат на тој план, а со цел за реализација на предметната резолуција, доследно истата да се спроведува и по цена на негативните последици кои таа врз одредени гранки на стопанството на Републиката ќе ги има.

Сметам, дека јавноста и овој Парламент беше запознаена и со соопштението на Владата уште првиот ден дека ја прифаќа и ја спроведува Резолуцијата и со изјавата на Владата дека би сакала на нејзиното подрачје да дојдат и посматрачки на советот на безбедност, за да се уверат на лице место за доследното нејзино спроведување и нема место за одредени сомневања на тој поглед кои би го довеле во прашаше односот на Републиката визави оваа Резолуција и следствено на тоа да се извлекуваат одредени последици дали сме доследни во тој поглед и следствено на тоа да се преземат и одредени мерки. И Владата и овде во Информацијата која беше презентирана пред Собранието, кога се даваше дотична информација во врска со предметната Резолуција оцени дека спроведувањето на таа Резолуција има своја цена, меѓутоа, од познати причини, кои беа изнесени во моментот кога ја добивте информацијата за определбите на Владата дека ја прифаќа и ја поддржува Резолуцијата 757

на Советот  за безбедност, добивте уверување дека оваа Република во овој момент нема друг избор, освен да се определува, како што се определи за нејзина доследна поддршка* Се друго е само надвор од она што е официјална политика и коментари кои можат да и наштетот и на стопанството и она што во овој момент е од драгоцено значеше за Републиката, нејзиното признавање. Секоја дамка што би се обидувал некој во овој момент, и покрај определбите и цената која на тој начин ќе ја плати ова стопанство, може само да наштети. А ве уверувам, вие сте во тоа сами уверени, затоа што соопштението преку етерот уште првата вечер беше пуштено за поддршката, а наредниот ден преку Печатот и изјавите, а не поминаа ни два-три дена кога Собранието се произнесе на седницата и го оцени соопштението како позитивно.

Во врска со протоколот за одвивањето на сообраќајот мислам дека треба да се знае суштината на проблемот, не се работи за никаков протокол, кое во спротивност со мерките на Резолуцијата 757, туку се работи затоа што подрачјето на Сојузна Република Србија е склучено од сообраќај, а и од авиосообраќајот, меѓутоа дека центарот за контрола и на Скопскиот и на Охридскиот Аеродром а фреквенцијата и на едниот и на другиот се зголемува со Светот, таа спогодба ја има само таа нијанса и во таа смисла контролата на летовите да се следи, а не да има авионски сообраќај помеѓу оваа Република и Сојузна Република Србија, ниту пак тоа може тоа некој да го посведочи. А вие имавте пример уште на седницата кога се поднесуваше и Информацијата кога бевме провокативно прозвани за односот на еден од пилотите на ЈАТ, кога му бaеше забранeто од аеродромските власти во Лондон да полета за Белград, а се обидувал да се извади, дека не оди за Белград, туку за Скопје, а и негативниот  одговор од надлежните органи на оваа Република, дека тоа не е точно  дека таквиот

авион полетува за Скопје и се потврди односот на Републиката во тој поглед. Не се работи за никаков авиособракај, туку искористување на врските за контрола на летовите, во отсуство на инструменти кои во оваа Република сеуште не ги поседуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Со тоа ја добивме Информацијата, што ја уврстивме како точка 24 од дневниот ред.

Да одиме на **точката 2** - Предлог за донесување на закон за помилуваше. Предлогот за донесување на законот и извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, Комисијата за општествено политички систем,, Законодавно - правната комисија и забелешките на пратеникот Тодор Петров ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Пред- логот за донесување на закон за помилување.

2. Собранието на Република Македонија го задолжува предлагачот да изготви и на Собранието му достави Предлог на закон, при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија

3. Овој заклучок заедно со извештаите на Комисијата за внатрешна политика и народна одбрана и ЗПК да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството на Република Македонија.

Кој е за предложениот заклучок,молам да крене рака? (мнозинството пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласан>е? (никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **<u>3-та точка</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за јавните служби.</u>

Предлогот за донесување на законот и извештаите на Комисијата за труд и социјална политика, Комисијата за здравство, Комисијата за образование, наука и култура , Комисијата за општествено политички систем, ЗПК и Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, забелешките на Тодор Петров и забелешките на пратеникот Кирил Ковачевски, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предолгото за донесување на закон за јавните служби.

2. Со оглед на тоа што се работи за сложен и системски закон со кој се утврува нов концепт и модел на условите под кои ќе се организираат дејностите од јавен интерес, како и заради фактот што овој закон претставува основа за донесување на посебните закони од соодветните области од нестопанските дејности, Собранието ја задолжува Владата да изготви и на Собранието му достави Нацрт на закон при што да ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите на работните тела на Собранието.

3. овој заклучок заедно со Извештаите на Комисијата за општествено политички систем,, Комисијата за внатрешна политика и народна одбрана, Комисијата за образование, наука и култура, Комисијата за труд и социјална политика, Комисијата за здравство и ЗПК да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за труд и социјална политика

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

(мнозинството пратеници).

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок

Минуваме на **4-та точка** - Предлог за донесување на закон за преземаше на обврска за обезбедување на денарски средства за исплати по основ на депонираните девизни влогови на граѓаните од страна на Република Македонија.

Предлогот за денување на законот, извештаите на Комисијата за економска политика и развој и Комисијата за финансирање и буџет, ви се доставени, односно поделени

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

**ТЕОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мислам дека има потреба од донесување на ваков закон, само мојот предлог ќе биде обратно. Да се донесе закон, со кој ќе се укине постојниот закон што е донесен, веќе кој е на сила.

Поради вака изострените прилично тешки проблеми со девизните влогови кои ги имаат граѓаните пренесено преку граница во ефектива, кои се вложени во нашите банки и денеска се предлага тие средства да се плаќаат за 10 години, полугодишни ануитети,не знам со која камата или без камата, меѓутоа, во денари. Мислам дека се прави неправда со овие граѓани кои ја изгубиле довербата во нашите банки и граѓаните бараат да ги вратат тие таму каде што живеат во странство и каде што работат во странство и таму да купуваат станови и таму да ги трошат. Меѓутоа, ние не сме способни ваквите средства да им ги вратиме на граѓаните што ги донеле затоа што биле патриоти сакале во Република Македонија да ги вложат, Република Македонија да се развива, меѓутоа, на некој начин девизите се однесени некаде. Јас би побарал прво да видиме информација овие девизи колкави се, една милијарда долари, да, каде се вложени овие средства. Во Народна банка. Народна банка каде ги вложила тие средства, што е со тие средства направено. Дали од овие средства има стопанството на Македонија потрошено. Ако има таквите средства стопанството на Македонија треба да ги врати во оние износи и во онаа валута во која ги потрошила. Значи еден извор за средства што би требало да се врати на граѓаните.

Второ, ако се тие дадени некаде во други републики, мислам треба да се вратат таквите средства. Да видиме колкави се нашите побарувања и обврските према Бивша Југославија во девизи и во други материјали. Ние се до денес немаме попис на тој имот. Колку во девизи, колку во денари и колку во опрема и колку во згради и други објекти што ги имаме побарувања од Југославија. Ние таквата евиденција треба да ја имаме и да ја знаеме. Како што се предвидува со закон, граѓаните не ги бараат средствата сега, тие бараат гаранција, некој да им гарантира. верувам преку 50% од

граѓаните дека тие средства ќе им стојат и преку 10 години, ако им се плаќа камата како што е договорена,ако зад тие средства некој стои, ако им ги гарантира. Меѓутоа, тие ја изгубија довербата во гаранцијата. Како сега и на кој начин? Сметам дека сигурно можеби ќе треба уште да се почека, меѓутоа, некоја странска банка која странска банка ќе гарантира, или некоја друга држава која ќе гарантира за ваквите средства, постепено да се вратат. Од каде да се обезбедат средства за враќање? Би предложил прво средства од средствата кои ги има вложено девизи во странските банки државата СФРЈ• Дали тие се тие 3,500 милијарди или 2,500 милијарди, тој дел што ни припаѓа, значи прв извор е тој. Значи тие средства што се вложени во странска банка.

Втор извор би требало да се воведе придонес на деловниот фонд на сите средства на приватни претпријатија, општествени, државни и други, кои имаат средства во деловниот фонд 1%.

**ТЕОДОСИЕ ПАУНОВ**: (продолжение)

Сметам ако е тоа така дека овие средства се вложени во Македонија, изградени се објекти и тие објекти даваат доход денес. Од тој доход од тие средства би требало еден дел од тие средства да се воведе придонес на деловниот фонд и тоа 1%, со тоа би се обезбедиле доста средства.

Друг извор на средства што би можело да граѓаните да се овозможи да им се вратат е од вишоците на Народната банка помеѓу активната и пасивната камата, да бидат наменети исклучително за оваа намена. Можеби не сум скромен, меѓутоа мораме да се обратиме до Меѓународниот фонд и до другите банки да бараме еден извор помош од странство. Зашто помошта да ја бараме од странство? Затоа што во Југославија се случи тоа што се случи, меѓутоа како Македонија сега нова држава со блокадата на пазарот кој што ги донесоа меѓународните институции и Југословенските односи/ помош од странство за санирање за состојбата на граѓаните односно за плаќањето на девизните средства на граѓаните. Јас сум убеден ако има можност да се направи договор со граѓаните за подолгорочен период, јас верувам дека граѓаните ќе прифатат ако има сигурност на враќањето. Уште би додал дека овој закон се донесува во три верзии.

Прво, првата без камата, не беше спомната каматата, втората со 6% камата и третата варијанта со некоја камата, некоја одредена камата, каква е таа камата, дали динарска камата или девизна камата тоа не е кажано во предлогот на овој закон. Од овие причини и тоа што се случува во градовите и нервозата кај граѓаните штедачи кои што донесле злато, вложиле во банката и секој да им враќа денари кој што не може да ги потроши на друго место а вложил девиза која што може да ја троши во цел свет, со други зборови граѓанинот дал злато во банката а на крај му се

враќа песок кило за се врши размена, што сметам дека се прави неправда.

Уште нешто би додал на граѓаните кои работеле во странство и без разлика по која причина се вратиле и се без работа 100 марки се малку за едно семејство од 5-6 члена месечно . Треба на граѓаните да им се даде во денарска противвредност соодветна сума затоа што 100 марки се малку.

Немаме евиденција колку средства се вложени на граѓани кои што работеле во странство и колку се вложени средства на граѓани што ги купиле девизите. Тоа не е исто граѓанин кој што работел и ги заработил со пот и оној кој ги купил. Тој што ги купил за денари може да се враќаат за денари, а оној што ги пренесол кој што ги донесол, кој што ги вложил во банката во девиза има да му се гарантира да му се враќаат во девиза. Јас ги напомнав изворите, ќе мораме на крајот на краиштата сите, целиот македонски народ нешто да жртвуваме но да им вратиме на граѓаните тоа што имале доверба, тоа што го дале во Македонија за развојот на Македонија

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, јас нема овде да образлагам ногу работи затоа што и самите штедачи и во самиот Парламент е многу зборувано, само ќе набележам неколку работи што штедачите ги бараат да се вградат во Законот за девизните штедачи.

Како прв предлог од штедачите кои бараат во законот да се вгради трајна гаранција за штедните влогови и тоа кога ќе се создаде можност за враќаше на вложените девизи да им се гарантира, ако во случај не сакаат да ги претвораат во денари да можат да ги подигаат во иста валута каква што ја вложиле тогаш кога ќе може да се создадат услови за повраќаше кога Републиката ќе може тоа да го стори.

Второ, за користење како што стои во предлогот од 100 Германски марки да се наголеми на 200 заради тоа што од 100 до 150 со оваа инфлациона програма и со покачување на цените не ќе можат тие да обезбедат минимум средства месечни за издршка на својата фамилија, а такви штедачи има многу кои исклучиво зависат од тоа и не се вработени во стопанството.

Трето, во законот да се вгради можност на девизните штедачи ако им се укаже потреба еднаш до двапати годишно да можат користат девизни средства за патување во странство а тоа е корисно затоа што тие на неколку години се враќаат таму заради тоа што имаат одредена виза две или три години а со тоа што ќе се вратат назад за да можат да ги продолжат влезните визи во таа земја каде што работеле. Значи бараат да можат еднаш или двапати годишно по потреба тоа да го направат за патување во странство.

Четврто, штедачите бараат да бидат ослободени од маржата што ја зема банката за подигање на стоте марки и зема провизија на тие, а тоа не е по нивно молење или барање, дури овие треба да им платат провизија нив, а не банката да им зема заради тоа што ќе им раситни 100 марки и минимум задржува провизија, а тие не се ни најмалку виновни што не можат да си подигнат во валута. Затоа и овој услов бараат да им биде исполнет и при променувањето на 100 или до 200 денари месечно да нема провизија, затоа што тие со ништо не придонесле да бидат виновни за тоа.

Петто, пензиите што ги користат од странство да се даваат во валута таква каква што ја добиваат од соодветната држава, така да им се исплатува.

Шесто, доколку се подобри девизната положба во Републиката да можат граѓаните поголема сума на девизни средства да користат во нивно

кредитирање за развој на стопанството. Една забелешка на девизните штедачи во однос на нивните договарања и барања на своите права е направена во врска со идејнето во Скопје, а на нивно барање сакам да го образложам тоа, наместо да бидат при- мени во Владата наместо да ги примат во Владата големите републички функционери им било успорувано идењето во Скопје и биле заплашувани што барате, како сте, зошто дојдовте, место за нивните средства, влогови да бидат примени, да им се образложи нивното барање за девизно заробените пари а тие добиваат навреди. Тоа го забележале од нашата полиција каде што со доаѓањето овде во Скопје ги навредувале, ги малтретирале. По нивните искажувања тие не сакаат да дојдат во Скопје, тие бараат да дојдат во центрите каде што се организираат такви собири, во Битола, Прилеп и други места и поради несогласување на Републичките органи приморани биле да дојдат во Републиката, и место да бидат примени на овој начин, биле примени со малтретирање. Владата треба да преземе мерки, да го испита тоа и во иднина да не им се случува ваква работа на штедачите заради тоа што тие не се ни најмалку виновни за настанатата ситуација што било во нашето стопанство и било на кој начин овие средства се запленети и сметам дека ако не се подобри положбата ние во банките не ќе имаме и наши денарски вложувања а камо ли во иднина да вкиуваат девизи со ваквата ситуација што настанува.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, проблемот на девизните штедачи станува оправдано се поалармантен, зашто се работи за проблем кој ги засегнува скоро половина милион граѓани кои во македонските банки имаат приближно една милијарда долари, а кои скоро две години не можат да ги подигнат. Господа пратеници и министри на Македонската Влада тоа го нема никаде во светот освен можеби во некоја јужноамериканска или

афричка земја каде секојдневно се менуваат Влади и системи на државата.

Но, се поставува прашањето кој е тој што манипулира со девизите на граѓаните стекнати на работа, надвор во светот, отргнати од своите огништа и од своите најмили, црнчеа деноноќно за да заработат за егзистенција и за да им се најде до старот, додека овде многумина се богатеа без да мрднат со прст на сметка на работниците и нивната работничка пот. Станаа црвени капиталисти, а истите тие црвени капиталисти денес продаваат демагогија преку своите претставници во институциите на власта, а и преку македонската Влада дека парите едноставно испарија од Македонија и дека нема кој да им ги врати на штедачите. Бан1сарсгите директори :кои девизите на штедачите во вид на кредити им ги дадоа на стопанските организации и нивните црвени директори или неокапиталисти, кои наместо со ануитети да ги врата парите, ги потрошиле пред се, за свои лични потреби, зголемување на директорските плати, купување на станови, викендички, супер луксузни автомобили, а многу малку или воопшто ништо не направија за своите претпријатија. Се троши за се и сешто, на секаде каде што ќе се стигне, а Македонија нема пари особено девизи, а се наоѓаат кога треба да се увезат Тојоти од кој како купци се јавија членови на Македонската Влада, некои подминистри, пратеници од Социјал демократскиот сојуз, Реформските сили и разни директори и функционери. А истите тие црвени директори и директорчиња секојдневно се возикаат на ќелепур софри, ручеци# вечери, во што државната администрација предничи а се помош и средства од стопанството, без око да им трепне, а сето тоа го чини општеството, а со авиончето секојдневно се шета низ Европа без да се постигне некој успех впрочем и не е толку битно кога

троши вода место керозин. Во Битола и Прилеп излегоа на улица ги блокираа банките, оправдано, но се плашам дека оправданиот револт на штедачите не стане секојдневна појава и предизвика нешто несакано и тоа во моментот кога најмалку е потребно. Ако добро паметам, господинот Кљусев кога дојде на местото премиер изјави дека штедните влогови од пред април 1990 година се изедени, потрошени по незнајни канали, а скоро на теле- визијата слушаме дека истите тие девизи се дадени во вид на кредити за инвестиции во стопанството. Доста сомнителни работи се вратата околу девизите и некој за оваа ујдурма сигурно треба да сноси одговорност освен ако не се вмешани и највисоките политички кругови во Македонија.

Значи сепак девизите се кај нас, впрочем би ве пот- сетил на текстот под наслов "конвертибилен бродолом од новинарката Маја Анастасова објавен на 6 јуни 1992 година во "Нова Македонија" во кој таа изнесува податоци дека од скоро една милијарда долари од македонските штедачи само 7% се депонирани во бившата Народна банка на Југославија а остатокот од 93% се реализирал на Македонските простори за разни потреби. Значи според ова можеби не е точно дека некој однадвор не крадел и не пљачкосувал. Позајмувачите на девизи не би сакал да речам некој потежок збор иако и тој стои, се меѓу нас и се знаат кој се. Тоа се бирократизираните црвени директори, нивни помошници, банкари, СОК поранешни можеби сегашни министри и други функционери во државната апаратура кои недомаќински ги трошеа девизите на штедачите, а сега преобразени пак се на раководни места и утре истите тие ќе станат газди на еден мафијашки начин на општествени претпријатија, божем се наследници на дедовото.

Исто така, јавно треба да се слушне а тоа е основен услов на демократијата кој од актуелните министри и функционери се акционери во кои претпријатија и со колку отсто од акциите учествуваат во истите. И уште нешто би сакал да кажам, а не би било на одмет да се слушне што мислат претставниците на реформските сили како наследници на Анте Марковиќ, кои беа главни креатори на економијата и се што е врзано за неа од бившата СФРЈ и чии последици и сега ги чувствуваме.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ: (**Продолжение)

Следствено ќе се потрудам д го цитирам господинот Ченто Велјановски експерт за проблематиката на трансформацијата на општествената сопственост испратен од светската банка кај нас и тој вели: "колку што ми е мене познато во социјалистичката теорија капиталот беше сечиј и ничиј и вработените го имаа само ан користење. Оние кои фактички го даваат својот капитал се штедачите, па ако работниците во фабриките сметаат дека се веќе сопственици на истите, кои се тогаш правата на штедачите?"

Би има една сугестија како мотив за размислување на нашата Експертска влада до неможност на целосна исплата на девизите на штедачите од горенаведените причини да размислуваат за исплата на месечен процент од вкупната сума на штедачот за кој ќе мислат дека е најадекватна плус 500 ДМ минимум годишна исплата или трансформација на девизните штедни влогови во станови, куќи, недвижен имот, пари и др.

Во случај на игнорирање на оправданите барања од страна на штедачите за исплата на девизите само го налекувате оправданиот гнев на истиот во смисол што јавна тајна е дека повеќето актуелни министри некои пратеници од левите партии, директори на поголемите претпријатија, функционери кои припаѓаат на одредени партии од Парламентот, на време ги подигнале своите девизни влогови од македонските банки. За да не се случи блокадата на банките во Републиката или нешто полошо, најитно треба да им се излезе во пресрет на барањата на штедачите и еднаш за секогаш да се разреши проблемот со девизните штедни влогови заработени кој знае каде во странство со огромни откажувања и изгубено здравје.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави Цветан Јовчевски.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Ќе бидам многу краток, бидејќи ова е грабеж на столетието а извршена е национализација на имот кој е стечен надвор од границите на Македонија. Поставувам прашање, бидејќи донесовме Устав а во стариот Устав никаде не пишува да се изврши национализација на одредени средства на граѓаните. Исто така луѓе кои свој имот спечалиле во странство станаа социјални случаеви, исплатуваат само по 100 ДМ во денари. Тоа е навистина преседан. Има штедачи кои имаат остварено свои девизен имот по 400 илјади австралиски долари, а сега не можат да си ги прехранат своите затоа што им даваат по 10 0 ДМ, а тоа е 36 илјади денари. Мислам дека не држи никаква логика.

Ако вака продолжиме буквално сме ја изгубиле довербата на штедачите и оние девизи што ги имаат граѓаните наместо да ги несуваат во банката ќе ги чуваат под перниците. Длабоко сум убеден во себе дека граѓаните од Македонија повеќе никој нема да внесе девизни средства на чување, бидејќи комплетно е изгубена довербата во Владата.

Предлагам бидејќи државата има свое национално богатство кое се лроценува на неколку десетици милијарди динари, а еден дел од тоа богатство на државен имот да се продаде во висина од милијарда долари па да се обезбедат тие средства или да се задолжи државата со национален долг да се врати довербата на штедачите и кон државата и кон институциите, а исто така мислам и сум убеден дека ни еден партнер од

странство, ако вака продолжиме, ќе нема доверба да внесе странски капитал за да дојде до заживување на стопанството во нашата Република.

Би поставил прашање, одговорот го барам од Владата, не мора по име и презиме бидејќи на некој начин е деловна тајна, дали им се заробени девизни средства на вработените во банките. Дали се во Југобанка, Стопанска банка, Инвестбанка или било кој дали од тие вработени имаат заробени девизи, барам да ми се даде одговор, Исто така, не мора по име и презиме, но дали има заробено девизи од високата бранша на раководители во Републиката, дали и нивните девизи се заробени како што е случај со по 2-3 илјади ДМ на одредени граѓани, да ми простите ги чуваат за најлошото што се вели за смртни случаеви, за да не ги товарат своите потомци, меѓутоа, за жал, ете се случува и тоа и тие 2-3 илјади марки им се пропаднати кога ќе се случат најцрните денови да не можат да бидат достојно погребани.

Мислам дека не држи никакво оправдување, бидејќи голем дел до овие девизни средства кои се заработени надвор од Републиката а сега се повратниви тука си ги бараат своите средства, не бараат вработување, не се товар на државата, а ние ги ограничуваме со 100 ДМ исплатени во денари. Навистина не држи место бидејќи тие на некој начин работеле по 10,20, 30 години, обезбедиле егзистенција за целиот живот за себе и за своето семејство и сега од нив направивме социјални случаеви, должни сме барем да ги вработиме, а ние ги ставивме во кошот на онаа група граѓани кои немаат вработување.

Сакам да напоменам кога беше протестниот митинг на девизните штедачи група граѓани од Прилеп и Битола на Железничката станица во

Скопје биле малтретирани од органите за внатрешни работи и од персоналот на ЖТП - Скопје.

Имам поставено пратеничко прашање, меѓутоа, не сум добил одговор, па ако може поконкретно да ми се даде одговор односно да се извести јавноста кој биле причините и мотивите што луѓето биле малтретирани, бидејќи има дел на граѓани кои се физички нападнати со пцости и со највулгарни зборови, бидејќи се работи за девизните штедачи ве молам тие се оквалификувани како да припаѓаат на одредени политички партии што не држи место ако еден граѓанин носи брада, тоа е негов имиџ, тоа не значи дека припаѓа на таа политичка партија и гп сметаат како некој водач што навистина не држи место па нека им служи на чест на тие работници од Службата за внатрешни работи на Македонија или на ЖТП - Скопје.

Би сакал да потенцирам овде оние пензионери кои ги добиваат своите пензии во валута од каде што се стекнале со својата пензија да им биде овозможено да си ги добиваат во таква валута а не да им се исплаќа во денари. Ако успееме да ја вратиме довербата кај штедачите тие нема да ги бараат сите средства да ги подигнат за еден месец, меѓутоа, ако вака продолжиме ние ги држиме во една депресија навистина секој ќе сака и последниот фенинг што го има во Банката ќе бараат да си го подигне бидејќи навистина довербата ни е крајно нарушена и имаме изгубено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, јас ќе се определам за поинаква дискусија и моето излагање ќе биде сврзано за буквата на Законот, дали овој закон треба да биде ваков или не, дали ќе има измени во него и кој треба да бидат и сл. на тоа. Поради ова, ќе тргнам и од името на самиот закон - предлог на закон за преземаше на обврски за обезбедување. Тоа наведува на едно јавно размислување дали овој закон сега што се носи не сака да ги раскине договорите помеѓу банките и штедачите и во овој момент да престане односот банка - штедач и обратно.

Во членот 1 се вели:

"Со овој закон се презема обврска за обезбедување на денарските средства за исплата по основ на депонирани девизни средства - влогови на граѓаните од страна на Република Македонија"„ Тоа не би било ништо ако не се одредбите како се кажува во членот 4: иЗа депонираните девизни влогови на граѓаните од членот 1 од овој закон, Република Македонија.... ", значи откако презема обврска за висина на заштедите да не излезе така презема обврска во период од 1994 до 2004 година односно во период од 10 години во годишни транши на банките да им обезбедува денарска противредност за исплата на девизниот депозит. Што значи дека од овој момент со стапувањето на снага на овој закон штедачот, без оглед дали банките имаат средства или не, не ќе може да се појави и да бара да му се наплати дадениот штеден влог. Сега е така, меѓутоа, кога ќе дојде интересот на паричната заштеда, а тоа се банките да треба да исплатуваат, тогаш ќе се повикаат на овој закон и ќе кажат јас имам закон со кој

државата Македонија преземала обврска до тој ден вложените девизни средства- се обезбедуваат во годишни ануитети или месечни со по 10 0 ДМ противредност во денари. Со овој момент ќе настанат интересни толкувања на овој закон без преодна одредба ако не се каже дека во таа одредба во моментот кога банката ќе има средства можат- да се наплатат и целосно вложените девизни средства не ќе може да се манипулира со овој закон. Ако остане како што е ова интересот ќе доведе дека од овој момент, ако го усвоиме овој закон, престануваат обврските на банките за исплата на вложениот девизен влог.

Ова го слушам како пооделни толкувања на одредени правници, ако сум јас еден велат двајца правници четири мислења и ако случајно се приклучи петти, па недоучен ќе имаме 12 мислења за три правника и тогаш доаѓаат во прашање и секој е во право.

Овде сакам да кажам што беше намерата на Владата. Дали навистина државата на некој начин да има средства да плати на штедачите или имаше намера да го одложи плаќањето за 10 години, па наместо да има јавен долг да има безкаматен јавен долг и тоа да го направат девизните штедачи. Јас би сакал да ме побијат во ова, не сум економист, меѓутоа, ако некој донесе закон со принудна норма која вели дека за 10 години можеш да добиеш само 1200 ДМ во денарска противредност, тогаш имаш императив со кој ти кажува разликата за тие 10 години значи над 12 илјади ДМ тие ти се апсолутно запленети, за нив немаш гаранција, државата зела противредност само за толку денари, а целата девизна заштеда оди и ја покрива обврската на државата. Од овој предлог закон кој

го даваме овде  таква разлика не гледаме и ќе ми биде мило некој од претставниците нас Владата стане и прочита таква одлука каде ќе се види дека разликата од над 12 илјади ДМ штедачите ќе можат да ги наплаќаат во секое време или разликата што не е зафатена со денарските вредности ќе може да ја наплаќа. Тогаш ќе имаме една гаранција и еден слободен однос банка - штедач. Тоа е, сакам да слушнам мислење од Владата посебно за ова.

(Со седницата продолжи да раководи Тито Петковски, потпретседател на Собранието)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави Гулистана Јумеровска..

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, денеска пред нас се наоѓа еден закон за егзистенционално важно значење за голема категорија на луѓе ставени во категоријата на девизни штедачи, меѓутоа, познавајќи го менталитетот на нашето подрачје како штедачи се јавуваат не само оние кои имаат многу, туку, за жал, и оние што немале, а штеделе се со цел да имаат во вакви и полоши времиња од овие. Според тоа мислам дека она што денеска го имаме како стварност, а тоа е оправданиот револт на голема категорија на штедачи во повеќе градови од Републиката, е сосема оправдан и мене ме зачуди, морам да ви кажам што тој не се јави многу порано туку се јавува сега. Сигурно една од причините е и загрозениот и многу лош животен стандард што го имаат сите граѓани денеска, а и оние кој тоа го бараат

преку девизните штедни влогови  што ги имаат заштедено и кои би сакале да ги искористат во овој поволен момент.

Многу критики слушнавме на адреса на Владата односно посредно на државата Република Македонија во овој момент, бидејќи најнепосреден гарант за девизните штедни влогови во овој момент по распаѓањето на Југославија се јавува Република Македонија. Меѓутоа, морам да кажам дека самиот предлог за донесување на еден ваков закон е размислување на Владата во разрешувањето на овие проблеми можеби не многу успешно со барање на сериозна помош и од нас пратениците овде и од девизните штедни влогови меѓутоа, преку барање на извори на средства кои би можеле да се исплатуваат Она што овде се нуди и кое е многу симболично и за жал, по мене, се бара урамниловка во однос на девизните штедачи кои имаат мали и поголеми штедни влогови така што оние што имаат високи заштеди не можат да ги подигнат дури до 2004 година така што еден амандман предложен од господинот Симон Наумовски е со цел кога се сметаше дека овој закон ќе биде во форма на предлог-закон односно да биде усвоен денеска, мислам дека заслужува внимание, а тоа е сумата на средства која е предвидена во еден месец по основ на сите основи кои се нудат за преземање на девизните штедни влогови на граѓаните не биде поделена линеарно односно на сите подеднакво, туку по еден процентуален износ во зависност од штедниот влог на граѓанинот. Така што сите се најдат во подеднаква положба, а не оние кои имаат помалку својот влог практично за еден пократок временски период ги искористат сите.

Ќе кажам нешто што не беше спомнато а тоа е она што претходи на успешното спроведување на овој закон, тоа е донесување на законот за работа на банките кој овде никој не го спомна, за жал, и покрај тоа што

девизните штедни влогови граѓаните ги отворија во банките, а не во Владата на Република Македонија. Тоа е еден факт што заслужува внимание, па според тоа, она што до сега се случуваше во нашите банки што нам повеќе или помалку ни е познато од повеќе извори можеби и понесигурни извори мислам дека треба да се слушне овде од банкарски стручњаци, од експерти, од луѓе кои се вклучени во банкарскиот систем во Републиката, од проста причина што банките кај нас преку ноќ станаа акционерски друштва што во нивните управни одбори не раководат оние кои би требало да бидат а тоа се штедачите по основ на својот денарски или девизен штеден влог, туку тоа се загубашите односно поголемиот број директори на претпријатија кои не се многу во добивка, туку голем дел од нив се во загуба така што се она што банките го инвестираа со така наречените инвестициони кредити, инвестициони програми кои потоа се покажаа како неуспешни за тоа никој не одговараше односно никој не сносеше одговорност сега сето тоа се упатува на адреса на државата односно сега во овој случај како најнепосреден претставник на таа држава - Владата на Република Македонија.

Мислам дека едно од најнепоредни преструктуирања на банките е основен предуслов за почитување на овој закон и на низа закони кои би уследиле потоа затоа што секаде во цивилизираниот свет во управните одбори се наоѓаат луѓе кои имаат морално и материјално право на тоа, а тоа се оние кои имаат пари, а не оние кои до сега имале политичка моќ и понатаму остануваат како такви, така што го поздравувам предлогот за донесување на закон, мислам дека треба да се бараат и други многу потрајни извори на финансирање можеби не само преку преку она што овде се нуди и се  кажува како пружање на нова емисија и давање на средства,

туку можеби и преку други па ако сакате и даночни оптоварувања, меѓутоа, тоа се категории на луѓе што заслужуваат внимание од проста причина што цел живот штеделе некои од нив еден дел од животот за да можат да имаат во лоши и добри времиња и таа доверба која е веќе изгубена на некој начин треба да се валоризира.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави Шабан Превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувани пратеници, почитувани колеги,

Навистина проблемот на девизните штедни влогови во Македонија е сериозен заради тоа и не случајно еве два пати се навраќаме на тој проблем еднаш кога расправавме за пакетот на мерки на антиинфлационата програма кога се донесе еден закон, кога се понуди еден концепт и кој концепт се усвои и еве сега по втор пат можеби и по трет пат се навраќаме на овој проблем со цел да изнајдеме што е можно поповолни решенија зашто девизните штедачи навистина имаат право на тоа. Оваа македонска држава суверена, самостојна, млада, одвојувајќи се од еден систем што го имавме до вчера не сака да стои по страна, туку напротив сака да ја потврди својата одговорност кон граѓаните токму по основ нас девизните штедни влогови како и другите влогови во изминатиот период значеа многу, а сигурно ќе значат многу и во наредниот период затоа што нема развој без средства, без акумулација, а штедните влогови беа многу издашен извор во изминатиот период и сигурно дека ќе претставува значаен извор и за во иднина.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:(**продолжение)

Мислам дека токму поради тоа и сериозноста на проблемот двете комисии, Комисијата за буџет и финансии и Комисијата за економска политика и развој не случајно предложија ова прашање да се решава во фази, законот да се донесе во редовна постапка со цел во меѓувреме да се утврдат посигурни извори и овој проблем да го решаваме што е можно поконструктивно. Граѓаните да најдат сигурна гаранција во наплатата на вложените средства во банките.

Да бевме во подруга ситуација, да бевме веќе влезени во концептно стопанство со пазарна економија, нормално дека банките требаше да одговараат за овој систем исцело и тие требаше да го доживеат познатото во теорија - банкротство. Меѓутоа, ние сеуште сме меѓу стариот и новиот систем, а поради тоа што во досегашните инвестициони вложувања на некој начин и државата кумуваше, или сугерираше каде да се насочат средствата Македонија објективно се јавува како сукцесор во врска со оваа проблематика свесна за својата одговорност па се труди да понуди решение што ќе значи излез од состојбата во која објективно западна. Затоа велам дека ние денес всушност расправаме за предлог за донесување на закон за преземање на обврските по основ .... Јас би рекол дека треба да расправаме за предлог за донесување на закон за обезбедување на средства по основ на девизните штедни влогови. Но, не е важно како ќе се вика законот, во секој случај суштината се сведува на тоа да се обезбедат средства.

Непобитно е мислењето и нема сомневање дека ваков закон мора да се донесе. Со донесувањето на тој закон всушност ние ќе го измениме и концептот што го утврдивме во пакетот на мерки на антиинфлационата

програма. Наместо јавен долг сега една нова конструкција за доаѓање до средства со цел навистина да излеземе во пресрет на граѓаните за нивните средства. Тоа се нивни средства на кои тие имаат легитимно право. Меѓутоа, во едни подруги услови, на жалост, во едни кризни услови колку за самите граѓани уште повеќе за оваа млада држава која што живее, или го консолидира своето постоење во едно несреќно опкружување, Јас верувам дека граѓаните имаат разбирање за објективниот проблем со кој ние се соочуваме, како Влада, како Собрание и како држава, меѓутоа, чесно е да понудиме концепт кој навистина кај тие граѓани ќе влее надеж дека ако не денес тогаш во одреден рок ќе се реши проблемот. Јас токму заради тоа очекував дека освен мене како човек кој сакам да при- донесе во разрешување на проблемот, а и да понудам решенија за решавање на проблемот, веројатно и претставник на Владата ќе каже нешто подецидно за овој проблем, затоа што на некој начин издефиренциравме некој предлог на заедничката седница на двете комисии. Меѓутоа, навистина проблемот е сериозен, а изворите се доста несигурни и неиздашни објективно се наметнува потребата да размислиме и во оваа фаза, а веројатно и во фазата на подготвувањето на Предлогот на законот кој треба да го донесеме на една од наредните седници. Јас сега за сега само размислувам.

Ние преку печатеше на пари не ќе можеме да го разрешиме проблемот, затоа што тоа ќе значи миниран>е на веќе донесената антиинфлациона програма, и ќе значи масло во огин, натамошно димензионирање на инфлацијата што нема да биде ни во корист на граѓаните, ни на штедачите, ни на сите граѓани на Македонија, Но, решение

мора да се најде, решението за лично го гледам во користен>е на некои извори што ни стојат на располагање.

Прво, ние мораме да извршиме попис на побарувањата. Би требало да ги задолжиме банките да извршат попис на сите побарувања од претпријатијата каде што се пласирани тие средства во изминатиот период за да на некој начин ако не можеме да ги наплатиме тие средства од таквите претпријатија, тогаш да им понудиме на граѓаните да бидат акционери за тие средства што се вложени во таквите претпријатија. Впрочем и законот за приватизација на општествениот капитал тие обврски на претпријатијата ги елиминира од основата за трансформација. Според тоа постои една можност тие да се трансформираат во акции кои што би им се понудиле на дел од граѓаните што ќе покажат интерес за таквите акции. Јас мислам дека тие средства било како девизни кредити, или како динарски средства што произлегувале од девизна подлога пласирани се во рентабилни претпријатија, барем јас така мислам. Но, пописот ќе покаже каде.

Стои тука една можност нешто да се компензира од тие побарувања на граѓаните и преку утврдуваше точно каде се пласирани средствата.

Понатаму, јас мислам дека за оваа цел се може да се насочат и дел на средствата на вишокот на Народната банка што се остварува секоја година по разни основи, а не ќе може на жалост да се елиминира буџетските средства. Односно не ќе можеме да се откажеме дел од средствата да обезбедиме преку буџетот. Тоа не е решение, тоа ќе значи нов товар и врз сите граѓани , врз претпријатијата и стопанството, меѓутоа, обврската е создадена и решение мора да се најде.

Секако дека овој проблем мора да се решава во фази, првите две години со минимум исплата за тоа што со право се вели екзистенционални потреби на граѓаните, на штедачите, а во еден подолг рок, како што се предвидува и во концептот од 1994 до 2004 година во рати така како што е предвидено во Законот. Така да се ослободиме од оваа голема обврска, што според некои проценки значи три републички буџети, а тоа можеме да разбереме сите што значи, а и девизните штедачи можат да сфатат што значи тоа. Републиката сега двојно да ги зголемува обврските по основ на данок и по разни други основи со цел да и се излезе во пресрет на овие граѓани.

Нужна е потребата и од одредена солидарност во случајот затоа што се наоѓаме во една таква објективна состојба. Затоа мислам дека денес , бидејќи имавте време да го прочитате Извештајот од двете комисии да се договориме , да не губиме многу време за потребата од донесување на закон за оваа цел, а на наредната седница кога ќе можеме да добиеме инволвиран предлог на закон поактивно да придонесеме тој закон навистина да преставува солидно и вистинско решение на проблемот.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано Претседателство, се јавив за збор од неколку причини.

Прво да потсетам дека избран сум од граѓаните од Преспа и Ресен, каде што бројот на штедачите не е мал, туку на оние токму со подебело салдо, благодарение на нивниот лојален и традициски однос, миграциски досега што беше. Мислам дека предложениот текст на закон нема да ги задоволи потребите на тие граѓани.

Второ, мислам дека со вака предложен текст како да отсуствува храброст да им се каже на граѓаните дека девизите на девизните штедачи на некој начин се изгубени и дека треба да се бараат нови решенија.

Трето, со предложениот текст мислам дека отсуствува економска логика.

Граѓаните на Република Македонија ги вложуваа своите девизни заштеди во банките во Републиката. Тие пак после тоа беа депонирани во Народната банка на Југославија. Народната банка на Југославија заедно со Федерацијата знаете дека не постои повеќе, така да , сеуште не е направен делбен биланс за средствата што таму се отидени и треба да кажеме на граѓаните, дека доколку се добијат средства од делбениот биланс на Народната банка на бивша Југославија следува дел и за нив.

Второ, мислам дека предложениот текст да се обезбедат 76,8 милијарди, што е нешто повеќе отколку вкупниот буџет на Републиката средства за да се вратат девизните заштеди на граѓаните не е можно. Единствено решение е мислам ако Републиката изнајде начин во моментот кредитно да се задолжи, не за целата сума туку за дел на сума за да може дел да се врати на граѓаните. Еве зошто отсуствува економска логика.

Ако вака на граѓаните им се враќаат по 100 марки месечно, односно во текот на две години 2400, противредност од 2400 марки, или тоа е 864 илјади денари, тоа значи ако тој граѓанин ги добие во моментот тие 864 илјади денари и ги стави во банка, тие денари со камата од 15,5 , по видување, а не по 24 колку што ја дава Унипроком  значи граѓанинот

месечно би заработил 180 илјади денари. Тоа значи во текот на 5 месеци тој би ги вратил тие 2400 по денешниот курс од 360 денари за 1 марка, а главнината би останала. Според тоа, мислам дека ваква калкулација и ваква математика не одговара за граѓаните , иако на некој начин е задоволена социјалната страна. Затоа, јас се придружувам на дискусијата на колегата Превала, дека ќе мора најголем дел од овие девизни заштеди да се дадат во акции со самата приватизација на општествениот капитал во приватен капитал, или на дел да му се даде денарска противредност за купуваше на одреден дел од државниот капитал.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, поставувањето на дневен ред на оваа точка, очигледно дека сите го поддржуваме како предлог за донесување на ваков вид на закон. Во таа смисла беше и мојата иницијатива за ставање на дневен ред на оваа седница точка која би гласела Информација на Владата на Република Македонија за состојбата со девизните штедни влогови со посебен акцент на најновите состојби со штрајкот на девизните штедачи во Стопанска банка и Југобанка во Битола. Образложението на г-динот министер за оваа информација беше дека оваа точка ќе се инкорпорира во предложената точка на дневниот ред, но за жал министерот во претресот по точката на дневниот ред не даде информација за состојбата со девизните штедни влогови која беше барана. Така да оваа точка јас мислам дека треба да се одвива во две фази и тоа една по информацијата за состојбата со девизните штедни влогови, а друга по предлогот на законот што се нуди.

Затоа, го повикувам уште еднаш претставникот од Владата ако е во можност да ја достави оваа Информација пред ова Собрание.

Што се однесува до законот кој се нуди, мислам дека е доста парцијален, не го опфаќа целиот проблем со девизните штедни влогови и она што е битно тоа е што овој закон е во прва фаза со заклучок од ова Собрание комплетниот закон да се донесе до крајот на јуни месец, а тоа не е во согласност со барањето на девизните штедачи, штрајкувачите во Стопанска банка - Битола, и Југобанка Битола кој бараат итно решавање на нивниот проблем.

Исто така, истакнувам дека има недостатоци законот што се нуди. Тоа е очигледно, а и самиот закон вели дека не нуди доволни денарски средства за покритие на девизните штедни влогови. Морам да истакнам дека како една форма за добивање на тие денарски средства е и проблемот на продажбата на општествените станови, која за жал Министерството за градежништво и урбанизам во повеќе наврати даваше информации дека тој закон е во завршна фаза и ќе го понуди пред ова Собрание, но за жал не се оствари. Некои груби пресметки покажуваат и укажуваат дека тој стамбен фонд е еквивалент на девизните штедни влогови некаде околу 1 милијарда долари.

Етиологијата на настанувањето на овој предлог-закон е иницирана уште со самото изгласување на претходниот закон кој е донесен на 26 април 1992 година во кој закон учествуваа и претставниците на банките на Македонија, но во завршната фаза, истите биле исклучени.

Од праксата во работењето по девизното штедење на постојниот закон, кој е во важност очигледно стана дека не е применлив затоа што не нуди решение за овој преоден период и не е поткрепен со материјални решенија, туку товарот без сигурен извор на средства е оставен на

банките. Поради тоа е пристапено кон подготвување на нов предлог за донесување на закон кој поаѓа од нов концепт и нови начини.

Во текот на формулирањето на новиот предлог за донесување на нов закон исто така, банките не се вклучени. Решенијата што ги нуди предлогот се нешто полоши од оние во постојниот закон, бидејќи не се води сметка за билансните можности и реалните извори на средства со што се доведува во прашање неговата спроведливост.

Проблемите во врска со исплатата на девизното штеден>е се од облигационо - правен, економско - социјален и политички карактер и може длабоко да ги заостри неповолната и крајно тешката политичко- економска и социјална положба. Тоа ги зголемува тензиите на граѓаните во барањата на својот имот на релација во односите со државата и банките , а се извлекуваат сериозни заклучоци за можни последици за штедачите во странство , за Републиката и пошироко. Затоа објективно државата и банките се ограничени и затоа е добро смирувањето на штедачите и целокупната оваа состојба да биде со јасна декларација од страна на Владата, кое е барано во мојата иницијатива по Информацијата на Владата на Република Македонија за состојбата со девизните влогови.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам да се договориме како да продолжиме со работа. Сега е 16,45 часот, а договорено е да работиме до 17,00 часот. Точката не можеме да ја завршиме затоа што имаме пријавено уште 15-тина дискутанти, како и Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За сега имаме пријавено уште 15 дискутанти и претставникот на Владата.

Предлагам сега да прекинеме со оваа точка. Ќе продолжиме тогаш кога ќе продолжиме со седницата. Невозможно е да седиме цело време, бидејќи пратениците ќе мора да ноќеваат а тоа е многу скапо.

Предлагам да се вратиме на првата -точка, времето до 17 часот да го искористиме, она што беше под итно, а чија итност утврдивме.

Дали може така? (Може).

Минуваме на **точката 1** - Предлог на закон за дополнување на Законот за исплата на платите и други надоместоци и дивиденди во Републиката.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за труд и социјална политика, Комисијата за финансира&е и буџет и

Законодавно - правната комисија ви се поделени.

Дозволете ми да ве известам дека Комисијата за труд и социјална политика и Комисијата за финансираше и буџет го разгледаа предлогот на овој закон и не го поддржаа, од причините наведени во нивниот извештај, а на Собранието му предлагаат да не го усвои овој закон.

ЗПК сепак мисли дека може овој закон да се донесе.

Отворам претрес по предлогот на комисиите.

Дали некој бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на комисиите го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака, се работи за предлогот на комисиите.

(Во салата настана недоразбирање околу тоа за што треба да се гласа).

ЗПК има оценето дека ваков закон може и има основ да се донесе. Навлегла, надвор од своите надлежности и ќели  дека има потреба да се донесе. Тоа е надлежност- на комисиите што имаат материјална одговорност во оваа област, а не да ја утврдуваат уставноста. Исто и правниот систем.

Бидејќи е прашањето дали да се донесе овој закон или некој друг закон тоа е друга работа. Но, материјална оценка е дали треба о^ој закон да се донесе, овој Предлог на закон. Тоа припаѓа само на овие две комисии што* се надлежни. Инаку, можеме да расправаме за тоа.

Јас ја отворив расправата и прашав дали некој бара збор за тоа

Дали има уште некој спор околу ова? (Нема) . .

Ако нема, тогаш да продолжиме.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. Предлогот на комисиите го ставам, на двете комисии

Предлогот на комисиите го ставам на двете комисии што оценуваат дали треба да се донесе ваков закон што треба да е даден,, тие сметаат дека не треба да се донесе, не го прифаќаат,

Кој  е за, молам да крене рака? (43).

Кој е против? (22).

Кој е воздржан? (10).

Констатирам дека Предлогот на комисиите е усвоен.

Збор побара господин Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Мислам дека, со оглед на фактот дека извештаите од комисиите во врска со расправата по овој закон се поделени во меѓувреме, во вториот дел после паузата, добар дел од пратениците при изјаснувањето сега околу овој закон мислам дека беа во заблуда за што гласаа. Тргнувајќи од околината каде што седам, од консултациите'* што ги правиме.

Затоа предлагам и барам десет пратеници да ме подржат, да гласаме поединечно со претходно изјаснување за што гласаме за да знаеме на која позиција сме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали имаат 10 кои сакаат да се изврши прегласување еден по еден.

Збор побара господинот Јовановски.

**РИСТО ЈОВАНОВСКИ:**

Верувајте дека 90 од пратениците во овој случај не знаат за што гласавме. На Комисијата за труд и социјална политика и на Комисијата за финансии и буџет гласањето беше 4:4 и дури таму настана едно спорење дали го прифаќаме или не. Министерот се залагаме овој закон да успее, едноставно да кажам. Овде рековте дека комисиите не се согласиле. Ако е резултатот 4:4 требаше да се објасни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега вие отварате едно прашање кое ние не можеме да го решиме бидејќи Комисијата треба да го реши. Ние имаме извештај од двете комисии.

Збор побара госпоѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Како прво, да ја отстраниме пречката со која што еден член од Комисијата за труд и социјална политика остави како сомневање околу гласањето на двете комисии.

На гласањето беше вака: четворица гласаа за предложениот закон, пет беа против и тројца беа воздржани.

**РИСТО ЈОВАНОВСКИ:**

(Од место). Гласањето беше 4:4. Не се согласувам со вас.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Вие може да не се согласувате, но еве тука има пратеници кои беа присутни на седницата.

Инаку, конкретно за тоа се работи? Се работи за Законот за исплата на платите и другите надоместоци и дивиденди во Република Македонија, за што денеска утврдивме итност на овој за- кон и го ставивме на дневен ред на денешната седница. Овој закон  се состои во тоа под ограничување да бидат и пензиските исплати.

Двете комисии, со гласањево 5 против овој закон, 4' за и 3 воздржани беа дека нема потреба од донесување на еден ваков закон.

На крајот од извештајот што сите го добивте пред почетокот на седницата, во вториот дел стои: "Комисиите заклучија да му предложат на Собранието на Република Македонија да не го усвојува Предлогот за донесување по итна постапка на законот за дополнување на Законот за исплата на платите и другите надоместоци и дивиденди во Републиката, со Предлог на закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имам впечаток дека оваа состојба,; прво една комисија има еден став, двете комисии имаат друг став, ве молам, само да разјасниме, тоа е едно, таа разлика. Јас мислев да ја објасниме таа разлика со тоа што комисиите се разликуваат во надлежноста.

Мислам дека тоа држи.

Меѓутоа, сега има сомневање и околу, не можам да го разберам ова сега кој како гласал, како сте се броеле, па затоа велам, да не се насилуваме сега да донесуваме закон или да го одбиваме законот за што навистина пратениците еве го доведуваат во сомневање и едниот и другиот и третиот. Да го оставиме и ова во продолжение на седницата и Владата нека заземе став па уште еднаш ова нека излезе во работата на. работните тела/

Збор побара господин Котевски.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, навистина настана една конфузија.

Прво, да расчистиме две работи. На оваа говорница господинот министер истакна дека под итна постапка треба да се донесе овој закон. Ние гласавме да се стави во дневниот ред.

Од друга страна претседателот на Собранието ни ги нуди заклучоците на комисиите, да гласаме за заклучоците. Тоа нема логика. Требаше да се отвори расправа"за овој закон па после да дојде до гласање за ова.

Затоа, мислам дека овде е направена една мала грешка и треба да се коригираме. Или да продолжиме денеска со истата точка од дневниот ред или пак да ја одложиме. Инаку, вака се создава една конфузија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас отворив расправа. Се беше во ред, никој не се јави.

Збор побараа господин Петров, па господин Стојановски.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

За мене ништо не е спорно. А, оние што не побараа збор кога претседателот отвори расправа, тоа е нивна вина. Застанавме само до моментот кога пратеникот побара да се изврши поименично гласаше заради сомневањето во резултатите од гласањето.

Претседателот само нека каже дали неговиот предлог го поддржаа 10 пратеници и да се повтори гласањето ако предлогот е поддржан за таа точка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Колку што можев јас да забележам, тогаш мислам имаше седум пратеници кои го поддржаа предлогот. Но, може ќе има и 10.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Повикан сум да ја следам седницава, меѓутоа бев отсутен.

Се случила некоја работа. Дошло до гласање по овој закон, меѓутоа госпоѓа Стојанова рече дека гласале 5 пратеници против овој закон, а четворица за. Меѓутоа, се работело за две комисии кои не гласале одвоено, како што е според Деловникот, туку гласале заедно наеднаш. Значи дека во тие две комисии се извршило неправилно гласање по однос на ова. Нека дојдат, нека го кажат тоа овде дали не било така или било така. Тоа е едно.

Значи, во комисиите предлогот да не се прифати законот е нелегално поминат. Повреден формалниот закон, што значи членови од една комисија гласале во друга и спротивно. Можат да имаат заедничка седница, меѓутоа кога ќе се одлучува секоја комисија гласа посебно. Да му се врши збирот на гласовите. Тоа е едно. По однос на становиштето дали ЗПК има овластување да цени дали има потреба или не за донесување на некој закон, тоа е нејзино основно право и е одредница од членот 304, во кој јасно се кажува дека ЗПК на Собранието, во рамките на својот делокруг, предлогот за донесување на закон го разгледува од гледна точка на потребата од донесување на заков закон и изградба на правниот систем.

Оваа работа била оспорена од претседателот на Собранието, меѓутоа веројатно дошло до недоразбирање околу толкувањето на оваа одредба. ЗПК зазеде став дека овој закон има и место и потреба да се донесе. Спрема ова дали сте гласале или не, јас не сум бил присутен, сум бил отсутен и во овој случај навистина настана една забуна.

Ве молам, опортуно би било, исправно би било, да се исправи грешката во двете комисии, да се изврши повторно гласање, да се запази секоја комисија да гласа одвоено а не заедно и дури тогаш пак да расправаме по овој предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Затоа овде се отвора претрес. Кој има забелешки на извештај на комисии ќе каже- за забелешките околу извештајот на комисиите. И нека каже дека во извештајот на комисиите не е дадено дека заедно гласале, а заедно гласале, дека било вака, дека било така итн. Ако има забелешка на тоа дали е упишан исходот од гласањето или не е упишан исходот и тоа тогаш- треба да се каже.

Претресот ние го завршивме. Но, бидејќи никој не кажа јас заклучив дека е завршен претресот. Дали е тоа грешка што 120 пратеници или 80 колку сме тука или барем тие што биле присутни на комисијата не забележале како е напишано во извештајот, тоа не знаеме.

Меѓутоа, предлагам, бидејќи законот е значаен, се однесува на интересите на. многу луѓе, сепак предлагам денеска ниту да го одбиеме, ниту да го донесеме. Уште еднаш нека се повтори постапката во комисиите, во сите, нека дојде и претставник на Владата, нека има таму став, па овде да извршиме расправа.

Очигледно, кога одиме во итна постапка и исфорсирана постапка овде имаме вакви последици. Затоа укажувањето што беше овде дадено да се даде на телата на Собранието време да можат да ги погледаат работите,- држи. Затоа, верувајте, кога настојувам да се држиме малку повеќе до Деловникот, не е тоа однос спрема овој или оној, или оваа или онаа пратеничка група, туку само на тој начин побрзо и најчисто да се работи.

Предлагам сега да прекинеме со работа а да продолжиме во вторник во 10 часот.

Дали се согласувате? (Се согласуваме).

(Седницата прекина со работа во 17,05 часот).